Издавач
Фондација Институт отворено општество - Македонија

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

За издавачот
Владимир Милчин

Превод на македонски јазик
Маја Бојаџиевска и Ирена Стефоска

Лектура и коректура
Благојка Здравковска

Подготовка и печат
Кома, Скопје

Тираж
500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

94 (44) “1789“

БЕРК, Едмунд

Темната страна на револуцијата / Едмунд Берк ; [превод од англиски јазик Маја Бојаџиевска и Ирена Стефоска]. - Скопје : Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2010. - 104 стр. ; 21 см

Превод на делото: The Evils of Revolution / Edmund Burke. - фусноти кон текстот

ISBN 978 - 608 - 218 - 046 - 5
I. Burke, Edmund, види Берк, Едмунд
а) Француска револуција 1789

COBISS.MK - ID 80913930

ПИНГВИН БУКС - ГОЛЕМИ ИДЕИ

*Темната страна на револуцијата*

Скопје, 2010

Едмунд Берк
(1729 – 1797)

Едмунд Берк

*Темната страна на револуцијата*

ПИНГВИН БУКС - ГОЛЕМИ ИДЕИ

PENGUIN BOOKS

Објавено од:
The Penguin Group,
Penguin books Ltd, 80 Strand, London WC2R ORL,
England
www.penguin.com

*Размислувања за револуцијата во Франција,*
првпат објавено во 1790 година
Овој избор првпат е објавен во 2008 година

Драг Господине[1],

Велите, со извесна сериозност, дека би ви претставувало задоволство да ги добиете моите размислувања во врска со најновите случувања во Франција. Јас нема да ви дадам никаков повод да помислите дека толку многу ги ценам моите чувства што сакам да ме бараат поради нив. Тие не се толку важни, било за да ви ги пренесам, било за да ви ги скријам. Од внимание кон вас, и само кон вас, се колебав кога прв пат посакавте да ги добиете. Во првото писмо што имав чест да ви го напишам и кое најпосле го испратив, јас не пишував за определена група луѓе, ниту, пак, пишував во името на таа група. Тоа нема да го сторам ни во ова писмо. Моите грешки, доколку ги има, се мои сопствени грешки. Единствено мојот углед ќе одговара за нив.

Гледате, Господине, од долгото писмо што ви го предадов, дека, иако од сѐ срце посакувам Франција

1 Најпознатото дело на Едмунд Берк, Размислувања за револуцијата во Франција, е напишано во форма на многу долго писмо, упатено до еден „млад господин од Париз" чие име не се открива во текстот. Станува збор за Виктор Дипон (Victor Dupont) кој, пред настанувањето на делото Размислувања... го посетил Берк во Лондон и побарал да го чуе неговото мислење за настаните кои ја потресувале јавноста во Европа. Берк напишал едно кратко писмо веќе во октомври 1789 година, а долгата расправа чии делови го сочинуваат овој текст, е завршена во февруари 1790 година.

да биде вдахновена од духот на рационалната слобода и сметам дека вие постапувате со чесна намера да обезбедите едно постојано тело во кое тој дух би можел да престојува и еден успешен орган со којшто тој би можел да дејствува, за несреќа, јас имам големи сомнежи во однос на неколку материјални факти во вашите последни работи.

Кога ми пишавте последниот пат, мислевте дека јас се вбројувам меѓу поддржувачите на определени случувања во Франција врз основа на јавното одобрување што тие поддржувачи го добија од двата клуба на џентлмени во Лондон, едниот наречен *Уставно друштво*, а другиот - *Револуционерно друштво*.

Навистина, ја имам честа да членувам во повеќе клубови во кои Уставот на ова Кралство и принципите на славната Револуција високо се почитувани; се сметам себеси меѓу најистакнатите според ревноста во однос на чувањето на тој Устав и тие принципи во нивната највисока чистота и строгост. Токму поради тоа, сметам дека за мене е неопходно да нема никаква грешка. Оние кои го негуваат сеќавањето на нашата револуција и оние кои се приврзаници на Уставот на ова Кралство многу ќе внимаваат на тоа дали се вовлекуваат во односи со личности кои, заради наводна верност кон Револуцијата и кон Уставот ги напуштаат нивните вистински принципи и се подготвени во секоја пригода да се одвојат од цврстиот, но претпазлив и разборит дух кој го произвел првото и го води второто.

(...)

Кога го гледам духот на слободата во акција, гледам како дејствува еден силен принцип и тоа, засега, е сè што знам за него. Дивиот гас е пуштен на слобода; но ние мораме да го одложиме нашиот суд сè додека не се смири првиот вриеж, сè додека не се избистри течноста и сè додека не видиме нешто подлабоко од раздвиженоста на зовриената и пенлива површина. Пред да се осмелам јавно да им честитам на луѓето за среќата што ги снајде, морам да бидам доволно сигурен дека тоа навистина е така. Ласкањето го расипува и оној кој го прима и оној кој го упатува и додворувањето не им користи многу, ниту на обичните луѓе, ниту на кралевите. Затоа, јас не можам да ѝ ја честитам новата слобода на Франција сè додека не разберам како таа е усогласена со Владата; со јавните сили; со дисциплината и послушноста на војската, со собирањето на ефикасниот и добро распределен приход; со моралноста и со религијата, со сигурноста на приватната сопственост, со мирот и поредокот, со граѓанските и општествените обичаи. Сиве овие нешта се полезни (на свој начин), и без нив слободата не е придобивка додека трае, а се чини дека нема долго да трае. Влијанието на слободата врз поединците се гледа во сфаќањето дека тие можат да прават што сакаат; треба да видиме што всушност сакаат да прават пред да упатуваме честитки кои набргу би можеле да се престорат во жалби. Дрскоста го наложува ова во случај кога станува збор за посебни, изолирани, приватни личности,

но кога луѓето дејствуваат заедно во определени групи, слободата е *моќ*. Претпазливите луѓе, пред да се изјаснат, ќе набљудуваат како се употребува таа *моќ*; а, особено, *новата* моќ на *новите* луѓе за чии принципи, нарав и расположенија тие имаат малку или речиси никакви сознанија и во ситуации во кои оние кои изгледаат најгласни на сцената можеби и не се вистинските придвижувачи на случувањата.

Меѓутоа, сиве овие размислувања беа под трансцендесталното достоинство на *Револуционерното друштво*. Додека престојував в село, од каде што ја имав честа да ви пишам, имав само приближна претстава за дејствувањето на *Друштвото*. По моето враќање во градот, побарав да ми се достави извештај за активностите на *Друштвото*, објавен со негова дозвола. Извештајот ја содржеше проповедта на д-р Прајс[2], заедно со писмото на војводата Де Рошфуко и на надбискупот од Екс и со уште неколку други документи. Многу ме вознемири целата таа публикација со нејзината јасна намера да ги доведе во врска случувањата во Франција со случувањата во Англија, вовлекувајќи нè во имитирање на однесувањето на *Националното собрание*.

Ефектот од таквото однесување врз: власта, довербата, просперитетот и врз мирот на Франција секој ден стануваше сè повидлив. Формата на уставното уредување што треба да ја има идната државна заедница стана сè појасна. Ние сега сме во состојба со прифатлива точност да ја разликуваме

2 Еден од свештениците на т.н. Слободна црква, член на *Револуционерното друштво*.

вистинската природа на предметот што треба да го имитираме. Ако по некојпат мудрата воздржаност и пристојност ни налагаат да молчиме, другпат дрскоста од некој повисок вид ни дава право гласно да ги искажеме нашите мисли. Почетоците на конфузијата овде во Англија сè уште се слаби; но видовме дека кај вас тие беа уште послаби, сè уште во својот зародиш, за да пораснат во еден миг до таа мера што ќе можат да поместуваат планини и, дури, да поведат војна со самото Небо. Секогаш кога гори куќата на нашиот сосед, не може да се смета за зло ако звуците на противпожарната служба се слушнат и пред нашата порта. Подобро е да бидеме презрени поради премногу стравови, отколку да бидеме уништени поради претерана доверба во сопствената сигурност. Иако сум загрижен за мирот во мојата земја, што не значи дека не се грижам за вашата, би сакал да им го соопштам на повеќемина она што најпрвин имав намера да ви го кажам само вам. Сепак, ќе го имам на ум она што вас ве интересира и ќе продолжам да ви се обраќам само вам. Затоа, ќе ѝ се препуштам на слободата на епистоларното обраќање, па ве молам да ми дозволите да ги нафрлам своите мисли и да ги изразам чувствата онака како што ми се раѓаат во умот, без да обрнувам многу внимание на формалностите.

Почнувам со случувањата во *Револуционерношо друшшво*, но нема да се ограничам само на тоа. Дали воопшто е можно да се задржам само на тоа? Ми се чини како да сум во голема недоумица, не само во однос на случувањата во Франција,

туку и во цела Европа и пошироко. Ако ги земеме предвид сите околности, Францускаta револуција е најневеројатното нешто што досега се случило во светот. Најпрекрасните нешта, честопати, се остваруваат со најсмешни и најапсурдни средства, на срамни начини и, очигледно, со инструменти достојни за најголем презир. Сѐ изгледа неприродно во ова чудно безредие на лекомисленоста и суровоста, на сите видови злосторства измешани заедно со сите видови лудила. Во оваа монструозна трагикомична сцена, најспротивставените страсти се надоврзуваат една на друга и понекогаш се мешаат една со друга во умот на човекот: презирот и огорченоста, смеата и солзите, омаловажувањето и ужасот.

Меѓутоа, не може да се одрече дека на некои оваа чудна сцена им изгледа сосема поинаква. Таа ним не им предизвикува други чувства освен ликување и восхитеност. Во она што се случи во Франција, тие гледаат само цврст и умерен изблик на слободата, толку целосно хармоничен со моралот и со побожноста, што го заслужува секуларниот аплауз на смелите макијавелистички политичари и станува одлична тема за сите побожни изливи на света речитост.

(...)

Толку е далеку од вистината тоа дека ние со Револуцијата се здобивме со правото да ги избираме своите кралеви, што ако го имаше тоа право претходно, англиската нација најсвечено ќе се откажеше од

него, ќе го отфрлеше во своето сопствено име и во името на потомството. Овие господа можат да се ценат себеси колку што сакаат, заедно со нивните виговски принципи, но јас никогаш не би сакал да ме сметаат за подобар виговец од лордот Сомерс, ниту за некој кој подобро ги разбира принципите на Револуцијата од оние кои доведоа до неа, како што не би сакал во *Декларацијаӣа за ӣраваӣа* да прочитам некои мистерии непознати за оние чиј пробивен стил ги вража во нашите прописи и во нашите срца зборовите и духот на овој бесмртен закон.

Точно е дека народот, во тоа време, помогнат со моќта што ја извлече од сопствената сила и од можностите, во извесна смисла беше слободен сам да го избере правецот за да го пополни тронот, но тој беше слободен да го стори тоа врз истите основи врз кои можеше целосно да се укине монархијата, како и секој друг дел од нејзиното уредување. Меѓутоа, народот не сметаше на толку храбри промени внатре во своите редови. Навистина е тешко, можеби и невозможно, да се ограничи *айсӣракӣнаӣа* надлежност на врховната власт, онаква каква што ја практикуваше Парламентот во тоа време; но границите на *моралнаӣа* надлежност, која, дури и тогаш кога станува збор за неоспорно суверена власт, им се покорува на привремената волја на трајниот разум и на постојаните начела на верата, на правдата и на востановената темелна политика, кои целосно се разбирливи и совршено обврзувачки за оние коишто практикуваат каква и да било власт во земјата, независно од името и од титулата.

На пример, *Домот на лордовите* нема морална надлежност да го распушти *Долниот дом* ниту, пак, да се распушти самиот, ја нема можноста дури ни да се откаже, ако сака, од неговиот дел на законодавното тело на Кралството. Иако кралот може да абдицира во свое име, тој не може да абдицира во името на монархијата. *Долниот дом* не може да се откаже од својот дел на власта дури и да има многу силни причини за тоа. Општествената ангажираност и општествениот договор коишто, всушност, го сочинуваат Уставот, забрануваат таков упад и такво откажување. Конститутивните делови на државата се обврзани да ја одржуваат и да ја спроведуваат нивната заемна доверба, не само пред јавноста, туку и кон сите оние коишто имаат каков и да било интерес кој е поврзан со нивните активности. На истиот начин и целата држава е обврзана да ја чува и да ја одржува довербата кон одделните заедници. Во спротивно надлежностите и власта набргу би се измешале и не би постоел друг закон освен волјата на надмоќната сила. Врз основа на овој принцип наследувањето на круната отсекогаш било она што е и сега, право на наследување според законот. Некогаш круната се наследувала според обичајното право, а денес според пишаното право кое се раководи од принципите на обичајното право, без да ја менува суштината, но со регулирање на модусите и со опишување на личностите. И двата вида право ја имаат истата сила и произлегуваат од еднаков авторитет, кој потекнува од заедничкиот договор и од првичната спогодба на државата, *communi sponsione rei publicae,* и како

такви се обврзувачки и за кралот и за народот сè додека условите на тој договор се почитуваат и сè додека тие опстојуваат во исто политичко тело.

Сосема е можно да се помират цврстите правила и повремените отстапувања од нив под услов да не си дозволиме да се заплеткаме во мрежата на метафизичката софистика. Можно е, исто така, да се помират светоста на принципот на наследство во нашето владеење со силата на промената, кога истиот принцип се применува во екстремни случаи. Дури и во таквите екстремни случаи (ако за мерка на нашите права се земе начинот на нивната примена во Револуцијата), промената треба да се ограничи само на страната која греши, на онаа страна која го создава неопходното отстапување; и дури и тогаш, тоа треба да се оствари без декомпонирање на целата граѓанска и политичка маса за да се создаде новиот граѓански поредок од елементарните честички на општеството.

Една држава која нема способност за промена не може ни да се зачува. Без таквата способност таа дури ризикува да го загуби оној дел од своето уредување кој најсовесно сакала да го зачува. Двата принципа на чување и корекција се особено јасни и делотворни во двата критични периода на *Ресшаврацијаша* и *Револуцијаша* кога Англија се најде без крал. Во двата периода нацијата ја изгуби обединувачката врска во нејзиното старо здание, меѓутоа, таа не го разнебити сето она што беше создадено. Напротив, во двата случаја нацијата ги обнови деловите коишто имаа недостатоци во старото уредување преку оние

делови што не беа оштетени. Тие делови беа зачувани точно во онаа форма во која некогаш постоеја за да може обновениот дел да им се приспособи. Луѓето постапуваа преку старата организација на сталежите, а не преку органските *moleculeae* на распуштениот народ. Веројатно дека не постои момент кога суверeното законодавство покажало погрижлив обѕир кон оној основен принцип на британската конституционална политика отколку во тоа време на *Револуцијата*, кога отстапи од директната линија на наследниот ред. На извесен начин, наследувањето на круната беше малку изместено од линијата по која порано се движеше, но новата линија беше изведена од истото стебло. Тоа е сѐ уште линија на наследно потомство според крвното сродство, иако тоа наследно потомство се ограничува со протестантизмот. Кога законодавците го изменија правецот, но, во исто време, го зачуваа принципот, тие со тоа покажаа дека принципот го сметаат за неприкосновен.

Според овој принцип, *Законот за наследување* претрпе некои дополнувања во старото време, многу пред ерата на Револуцијата. Малку време по освојувањето се наметнаа важни прашања за правните принципи на наследната линија. Се појави сомнеж во однос на тоа дали престолот треба да го преземе наследник *per capita* или наследник *per stirpes*[3] но без оглед на тоа дали наследникот *per ca-*

3 Ако наследник *per capita* е првиот машки сродник на кралот, наследник per stirpes е според семејната лоза, првиот машки наследник на следниот по ред во мигот кога починатиот крал стапил на престолот.

*pita* отстапува кога наследникот, според семејната лоза, го зазема местото, или католикот отстапува пред протестантот, наследниот принцип преживеал низ сите овие селидби со еден вид бесмртност – *multosque per annos stat fortuna domus et avi numerantur avorum*[4]. Ова е духот на нашиот Устав, не само во неговиот постојан тек туку и во сите негови револуции. Кој и да дојде и на каков и да било начин да дојде, било да ја добие круната според законот или насила, наследниот ред е или продолжен или усвоен.

Господата од *Друшѿвоѿо за револуции* не гледаат ништо во Револуцијата од 1688, освен едно отстапување од Уставот и го земаат за принцип токму тоа отстапување од принципот. Тие мошне малку обрнуваат внимание на очигледните последици од нивната доктрина, иако мораат да видат дека таа го сведува позитивниот авторитет на само неколку позитивни институции во оваа земја. Кога веќе еднаш е востановена таква неоправдана максима која вели дека ниту еден престол, освен изборниот, не е валиден, ниту еден акт на принцовите кои ѝ претходеле на оваа ера на измислени избори не може да биде важечки. Дали овие теоретичари имаат намера да имитираат некои од нивните претходници кои ги извлекоа телата на нашите стари владетели од тишината на нивните гробници? Дали тие сакаат да ги онеспособат и да ги лишат од моќ, да ги обезличат наназад сите кралеви кои владееле пред Револуцијата и, следствено, да го извалкаат тронот на Англија со

4 Преземено од Вергилиевите *Георгики*: „Многу години трае богатството на куќата и предци на предците се бројат". (IV, 208)

дамката на постојаната узурпација? Дали тие имаат намера да ги поништат, да ги прогласат за неважечки, да ги стават под прашање – заедно со титулите на целата лоза наши кралеви – и сите пишани закони што беа донесени во времето на оние кои тие ги третираат како узурпатори, да ги поништат законите кои имаат непроценлива вредност за нашите слободи – барем толкава колку што е и вредноста на кој и да било закон донесен во периодот на Револуцијата и по неа? Ако кралевите, кои не се здобиле со круната по пат на избор на својот народ, немаат право да донесуваат закони, што ќе се случи со законот *de tallagio non concendo*? Што ќе се случи со *Петицијата за правата* или со актот *habeas corpus*? Дали овие нови доктори за правата на човекот се осмелуваат да тврдат дека кралот Џејмс II, кој ја презема круната како најблизок по крвно сродство во согласност со правилата на тогаш апсолутната сукцесија, не беше во секоја можна смисла легитимен крал на Англија, пред да ги стори делата кои праведно доведоа до неговата абдикација? Ако тој не беше легитимен крал, Парламентот ќе беше поштеден од многуте неволји во периодот што го слават овие господа. Но Џејмс II беше лош крал со добра титула и не беше узурпатор на престолот. Принцовите кои го наследија него со парламентарен акт со кој се уреди круната да ја добие избраната кнегиња Софија и нејзините протестантски потомци, се крунисани според истото право на наследство како и кралот Џејмс. Тој беше крунисан според законот кој важеше во времето на неговото стапување на престолот, а принцовите од

куќата Брунсвик стапија на власт не според изборот, туку по сила на законот, кој важеше при нивните неколку стапувања на престол на протестантската лоза, и по сила на наследното право, што, се надевам, веќе доволно јасно го покажав.

(...)

Пред само неколку години ќе ми беше срам една работа, што самата себеси се брани, толку да ја оптоварам со тогаш непотребната поткрепа од аргументи, но оваа поткопувачка и неуставна докрина сега јавно се подучува, се признава и се печати. Омразата што ја чувствувам кон револуциите за кои честопати ни се зборува од говорниците, духот на промените што се изгубил, целосното непочитување кое преовладува кај вас и можеби ќе преовладее и кај нас, презирот кон сите стари институции, ако се во опозиција со сегашната смисла за удобност или сегашните стремежи: сиве овие размислувања, според моето мислење, упатуваат на тоа дека не би било лошо повторно да го свртиме вниманието кон вистинските принципи на нашите сопствени, домашни закони, на законите кои вие, мој драг француски пријателу, треба да почнете да ги запознавате, а ние треба да продолжиме да ги негуваме. Сите ние кои живееме од двете страни на водата не треба да дозволиме да ни се наметнува фалсификувана стока која некои личности, по пат на двојна измама, ви ја извезуваат во бродови со дупло дно, како да се тоа артикли со типично британско

потекло, за да можат потоа да ги прокриумчарат нив назад во оваа земја, преработени според најновата париска мода на подобрена слобода.

Луѓето во Англија нема да ги имитираат модите што никогаш не ги испробале ниту, пак, ќе му се вратат на она што го процениле како штетно. Тие сметаат дека законската наследна линија на круната е нешто што спаѓа меѓу нивните права, а не меѓу нивните грешки, и тие на неа гледаат како на придобивка, а не како на непријатност, како на залог за нивната слобода, а не како на белег на нивното ропство. За нив, рамката на нивната политичка заедница, *онаква каква што е*, има непроценлива вредност и тие сметаат дека непреченото наследување на круната е завет за стабилноста и постојаноста на сите други делови на нашето уредување.

Пред да продолжам понатаму, ве молам, дозволете ми да укажам на некои безначајни итроштини на кои се подготвени поддржувачите на изборите, за да можат, нашето залагање за праведните принципи на нашиот Устав, да го прогласат за пакосна задача. Овие божемни мудреци подметнуваат фиктивни причини и лажни личности во чие име вие, наводно, се залагате секогаш кога ја браните наследната природа на круната. За нив е нормално да спорат, како да се во конфликт со некои од оние бучни и фанатични поддржувачи на ропството кои порано тврдеа (што, верувам, ниедно живо суштество веќе не го тврди) дека „круната се држи со божественото наследно и неотуѓиво право“. Овие стари фанатични поддржувачи на една единствена арбитрарна

моќ ја догматизираа идејата за наследниците на кралското семејство како за единствени законски владетели на светот, исто како што нашиве нови фанатични поддржувачи на арбитрарната народна моќ тврдат дека народните избори се единствениот законски извор на авторитетот и на власта. Вистина е дека оние кои навиваа за старите прерогативи размислуваа будалесто и, можеби, дури и богохулно, како монархијата да има повеќе божествен благослов отколку кој и да било друг начин на владеење и како правото да се владее по наследна линија, строго земено, *да не може да ѝ се осѿори* на ниту една личност која треба да го наследи престолот, под никаква околност, што, се разбира, не е случај со ниту едно граѓанско или политичко право. Но едно апсурдно мислење што се однесува на кралското наследно право не може да го оштети мислењето кое е рационално и засновано врз цврстите принципи на правото и политиката. Ако сите апсурдни теории на правниците и свештениците ги изопачеа оние предмети на кои се упатени, тогаш во светот немаше да остане ниту еден закон и ниту една религија. Но, апсурдната теорија на едната страна на проблемот не може да стане оправдување за афирмирање лажни факти или за објавување штетни максими на другата страна.

Второто тврдење на *Револуционерноѿо друшѿво* се однесува на „правото да се отпуштат владетелите поради *лошо однесување*“. Можеби токму стравовите на нашите предци дека ќе направат еден таков преседан, како што е „отпуштањето поради *лошо*

*однесување*“ биле причината што објавата на актот со кој се имплицира абдикацијата на кралот Џејмс (ако воопшто може да ѝ се најде некој недостаток), била многу претпазлива и зависна од околностите. Но сета таа претпазливост и сето тоа натрупување околности служи за тоа да го покаже духот на претпазливоста кој преовладувал во националните совети во ситуација кога луѓето, иритирани со репресијата и поткренати со триумфот над неа, биле подготвени да им се препуштат на екстремните насилни текови: тоа ја покажува огромната загриженост на големите луѓе кои влијаеле врз движењето на работите во рамките на тој голем настан, да направат од Револуцијата образец на спогодба, а не расадник на идни револуции.

Ниедна влада не би можела да издржи ниту за момент ако може неа да ја урне нешто толку лабаво и недефинирано како што е мислењето за *„лошо однесување*“. Оние кои ја водеа Револуцијата не ја засноваа абдикацијата на кралот Џејмс на некој толку лесен и несигурен принцип. Тие го обвинија за ништо помалку од планирање *да се поткопаат протестантската црква и државата* како и нивните *базични*, неоспорни закони и слободи, што беше потврдено со неговите многубројни, отворено незаконски акти: тие го обвинија за прекршување на првичниот договор помеѓу кралот и народот. Ова беше многу повеќе од *лошо однесување*. Тешка и неопходна нужност ги натера на тој чекор, чекор што го направија со бескрајно противење, но онака како што бара најстрогиот од сите закони. Нивната

верба во натамошното чување на Уставот не лежеше во идните револуции. Величествената политика на сите нивни прописи беше да се оневозможи секој следен владетел којшто ќе сака да ги натера сталежите во Кралството повторно да прибегнат кон толку насилни средства. Тие ја оставија круната онаква каква што беше – според окото и процената на законот – сосема неодговорна. За да ја олеснат и понатаму одговорноста на круната, тие ја отежнаа одговорноста на сметка на државните министри. Според уредбата од првата година на владеењето на кралот Вилијам с. 2д. наречена „*акт со којшто се утврдуваат правата и слободите на поданикот и се уредува наследувањето на круната*", тие пропишаа дека министрите треба да ѝ служат на круната според одредбите од таа декларација. Набргу потоа тие ги обезбедија *честите состаноци на Парламентот* и со тоа што целата Влада беше ставена под постојан надзор и под активна контрола на народните пратеници и великани на Кралството. Во следниот голем уставен акт од дванаесеттата и тринаесеттата година на владеењето на кралот Вилијам, заради натамошно ограничување на круната и заради подобро обезбедување на правата и слободите на поданиците, тие предвиделе дека „ниту едно помилување со големиот печат на Англија не може да биде побарано за дела против кои поведува постапка *Долниот дом* на Парламентот". Правилото поставено за Владата во *Декларацијата за правата*, постојаниот надзор од Парламентот, практичното право на отповикување, тие ги сметаа не само за

неспоредливо подобра сигурност во однос на нивните уставни слободи, туку и за заштита од пороците на администрацијата, подобра од задржувањето на „правото на отпуштање на владетелот“ што беше толку тешко во практиката, толку несигурно во исходот и честопати, толку штетно според своите последици.

Во оваа проповед д-р Прајс многу правилно ја осудува практиката на простото, ласкаво обраќање кон кралот. Наместо овој сервилен стил, тој предлага, во свечени пригоди, на кралот да му се каже дека „би било поудобно тој да се смета себеси за слуга, а не за суверен на својот народ“. Како комплимент, оваа нова форма на обраќање не изгледа премногу ласкава. Оние кои се слуги, според името и статусот, не сакаат да им се зборува за нивната положба, за нивната должност и за обврските. Во една стара драма, робот му вели на господарот: *Haec commemoratio est quasi exprobatio*.“[5] Тоа не е пријатно ниту како комплимент, ниту, пак, е добро како упатство. Конечно, ако кралот може да се согласи со овој нов вид на обраќање, да ги прифати неговите услови, па, дури и да го усвои именувањето *слуга на народот* како негов кралски стил, не можам да замислам како тоа би нѐ подобрило и нас и него. Сум видел многу арогантно напишани писма, потпишани со: „*Вашиот најпослушен и најпонизен слуга*“. И највообразената верска заедница која некогаш истрајала на земјата сеословувала себеси со уште поголема понизност од

5 *Ова потсетување е, исто така, и прекор*, (Теренциј, *Жената од Андрос*).

онаа што сега *Айосшолош на слободаша* ја предлага за суверените. Кралевите и нациите беа згазени од стапалото на оној кој се нарекуваше „слуга на слугите“, а одлуките за симнувањето на владетелите беа запечатувани со прстенот на ,,Рибарот“.

Ќе мислев дека сево ова не е ништо друго освен еден вид лекомислен и празен говор во кој, како во некој непријатен чад, неколкумина дозволуваат да испари духот на слободата ако со тоа, всушност, отворено не се поддржуваа идејата и делот од планот за „отпуштање на кралевите поради лошо однесување“. Оттука, проблемот заслужува неколку појаснувања.

Во извесна смисла, кралевите несомнено се слуги на народот, затоа што нивната моќ нема друга рационална цел освен онаа за општото добро, но не е вистина дека тие, во вообичаена смисла на зборот (барем, според нашето уставно уредување) се блиску до слугите чија суштина е да им се покоруваат на наредбите од некој друг и да бидат заменливи според нечија волја. Но, кралот на Велика Британија не му се покорува никому; сите други личности му се потчинети нему индивидуално и колективно и, според законот, му ја должат својата послушност. Законот којшто не знае ниту за ласкање ниту, пак, за навреда, не го нарекува овој висок магистрат „слуга“, како што вели овој понизен свештеник, туку *„наш суверен, госӣодар и крал“*, а ние, од своја страна, научивме да го зборуваме само примитивниот јазик на законот, а не конфузниот жаргон на вавилонските проповедалници.

Со оглед на тоа што кралот не треба да ни се покорува нам, туку ние треба да му се покоруваме на законот што тој го олицетворува, нашиот Устав не предвидел никаква мерка со која кралот би го направил до извесен степен одговорен како слуга. Нашиот закон не познава ниту еден висок магистрат како што е *Арагонскиот врховен судија*; тој не познава ни законски именуван суд ниту, пак, правно утврден процес кој би го повикал кралот на таква одговорност каква што имаат слугите. Во таа смисла тој не се разликува од претставниците на *Долниот дом* или од *Домот на лордовите* кои, во нивните неколку јавни својства, никогаш не можат да бидат повикани на одговорност поради нивното однесување. Но, сепак, *Револуционерното друштво* одбрало да тврди – што е во директна спротивставеност на најмудриот и најубавиот дел од нашето уставно уредување – дека „кралот е само прв слуга на народот, создаден од народот *и одговорен пред него*".

Тешко ќе можеа нашите предци во Револуцијата да ја заслужат нивната прославена мудрост ако ја најдеа сигурноста за нивната слобода само во тоа да ја направат владата слаба во дејствувањето и несигурна во поставеноста; и ако не беа способни да изнајдат подобар лек против арбитрарната власт од граѓанската конфузија. Нека кажат тие господа која е таа *репрезентативна јавност* на која ќе ѝ биде одговорен кралот како слуга. За мене тоа ќе биде вистинскиот миг да им го покажам позитивното пишано право кое потврдува дека тој не е тоа.

Церемонијата на отпуштање кралеви, за која овие господа толку многу и толку лесно зборуваат, ретко (ако тоа воопшто е можно) може да се изведе без употреба на сила. Тоа тогаш станува случај на војна, а не уставно прашање. Тогаш говорот на законите молчи пред оружјето, а судовите паѓаат на земја заедно со мирот што веќе не се способни да го одржат. Револуцијата од 1688 година беше добиена со праведна војна, во единствениот случај во кој некоја војна и, уште повеќе, граѓанска војна, може да биде праведна. *„Justa bella quibus necessaria.“*[6] Прашањето на детронизирање или, како што овие господа повеќе сакаат да кажат, „отпуштање на кралевите“ секогаш ќе биде и секогаш било, исклучително значајно државно прашање, но – и целосно надвор од правото; прашање (како и сите други државни прашања) на расположенија, на средства, на веројатни последици – повеќе отколку прашање на позитивните права. Бидејќи тоа не е направено за обични злоупотреби, тоа не треба да ги вознемирува обичните умови. Замислената демаркациона линија каде што треба да заврши послушноста, а отпорот мора да почне, е слаба, нејасна и не може лесно да се определи. Неа не ја определува еден единствен чин или една единствена случка. Навистина, владите мора да се злоупотребени и да се растроени пред да се помисли на такво нешто и изгледите за иднината мора да се исто толку лоши колку и искуствата од минатото.

6 „Војните се праведни кога се потребни“, Тит Ливиј, *Исīорија на Рим.*

Кога работотите се во толку жална состојба, природата на болеста треба да укажува на лекот за оние што природата ги квалификувала да го пропишат, во крајна нужност, тој критичен, двосмислен, горчлив напиток за болната држава. Времињата, приликите и предизвиците ќе ги одржат нивните сопствени лекции. Мудрите ќе ги носат своите одлуки врз основа на тежината на случајот; раздразливите ќе одлучуваат врз основа на нивната чувствителност кон угнетувањето; благородните ќе одлучуваат врз основа на нивниот презир и на огорченоста кон моќта за злоупотреба во рацете на недостојните; храбрите и доблесните ќе одлучуваат врз основа на љубовта кон чесната опасност во праведната кауза: но, со или без право, револуцијата ќе биде последното средство кон кое ќе прибегнат мисловните и добрите луѓе.

(...)

Вие ќе забележите дека од *Големата йовелба*, па сè до *Декларацијата за йравата* единствената политика на нашиот Устав е да се бараат и да се афирмираат нашите слободи како неотуѓиво наследство кое потекнува од нашите предци, наследство што треба да му се пренесе на нашето потомство, како посед што посебно му припаѓа на народот на ова Кралство, без ниту едно упатување кон некое друго поопшто или постаро право. Со ова, нашиот Устав го чува единството во огромната разноличност на неговите делови. Ние имаме

наследна круна, наследно благородништво, имаме *Долен дом* и народ кој ги наследува привилегиите, правата и слободите од една долга линија на предци.

Ми се чини дека ваквата политика е резултат на длабоко размислување или, всушност, среќна последица од следењето на природата, што е мудрост без размислување и дури, повеќе од тоа. Духот на иновацијата, најопшто земено, е резултат на себичниот карактер и на ограничените погледи. Луѓето нема да гледаат напред кон потомството затоа што никогаш не гледале ни назад кон нивните предци. Освен тоа, луѓето во Англија добро знаат дека идејата на наследството обезбедува еден сигурен принцип на одржување и сигурен принцип на пренесување без, воопшто, притоа, да се исклучи принципот на подобрување. Таа идеја го остава слободно стекнувањето, но го осигурува она што се стекнува. Кои и да се добиените предности во држава која постапува според овие максими, тие трајно се заклучени како во некој вид семеен договор, зграбени засекогаш како во мртва рака. Со уставната политика која работи според образецот на природата ние ги добиваме, ги држиме, ги пренесуваме нашата Влада и нашите привилегии на истиот начин на кој ги уживаме и ги пренесуваме нашите имоти и нашите животи. Институциите на политиката, придобивките на добрата среќа, даровите на провидението, сето тоа се предава до нас и од нас, според истиот тек и ред. Нашиот политички систем е поставен во правилно созвучје и правилна симетрија со поредокот на светот и со начинот на постоење што

му се припишува на едно постојано тело составено од минливи делови. Целоста на тоа тело во кое – според расположението на чудесната мудрост, се обликува заедно големото и мистериозно отелотворување на човековата раса во исто време – не е никогаш стара, или средовечна или млада, туку е во состојба на неменлива постојаност, продолжува понатаму низ различните нијанси на постојаното распаѓање, падот, обновата и напредокот.

Така, одржувајќи го методот на природата во водењето на државата, во она што го подобруваме не сме сосема нови, но во она што го задржуваме ние не сме сосема застарени. Со тоа што се однесуваме на таков начин, придржувајќи се за принципите на нашите предци, ние не дозволуваме да нѐ води суеверието на древноста, туку, напротив, да не води духот на филозофската аналогија. При овој избор на наследството, на рамката на нашето државно уредување, ние ѝ ја дадовме сликата на крвното сродство; поврзувајќи го Уставот на нашата земја со нашите најдраги домашни врски; присвојувајќи ги нашите фундаментални закони во прегратките на нашите семејни чувства – чувајќи ги како неразделни и негувајќи ги со топлината на сите нивни, здружено и со заемно милосрдие – нашата држава, нашите срца, нашите гробници и нашите олтари.

Преку истата матрица на усогласување на нашите вештачки институции со природата и преку повикувањето на помош на нејзините непогрешливи и моќни инстинкти, за да ги закрепиме грешните и слаби вештини на нашиот разум, ние извлековме

неколку други, и тоа не мали придобивки од тоа што нашите слободи ги разгледувавме во светлината на наследството. Секогаш дејствувајќи како да е во присуство на нашите свети предци, духот на слободата којшто самиот може да одведе кон неред и неумереност, се ублажува со голема сериозност. Оваа идеја на слободоумно потекло нè вдахновува со смисла за вообичаено, вродено достоинство кое ја спречува онаа скороевска дрскост која се сврзува со оние кои први се здобиваат со некое одликување и речиси неизбежно ги посрамотува. На овој начин нашата слобода станува благородна слобода. Таа има свое педигре и прочуени предци. Таа има свои грбови и инсигнии. Таа има своја галерија на портрети, свои монументални инскрипции, свои записи, сведоштва и титули. Ние им обезбедуваме почит на нашите граѓански институции врз основа на принципот според кој нè учи природата: да ги почитуваме поединците поради нивната возраст и поради нивното потекло. Сите ваши теоретичари не можат да произведат ништо што би било подобро приспособено за одбрана на рационалната и човечка слобода од текот што го следиме ние, ние кои претпочитаме нашата слобода, а не нашите шпекулации, нашите гради, а не нашите измислици, да бидат оние големи стаклареници и складишта на нашите права и привилегии.

Ако сакавте, можевте да го искористите нашиот пример и да и дадете на вашата новоздобиена слобода соодветно достоинство. Иако неповрзани, вашите слободи не беа изгубени за сеќавањето. Навистина,

вашиот Устав претрпе уривање и пустошење додека бевте надвор од неговиот опфат, но, поседувавте некои делови од ѕидовите и во целост ги имавте темелите на еден благороден и величествен замок. Можевте да ги поправите тие ѕидови, можевте повторно да градите врз старите темели. Вашиот Устав беше укинат пред да биде усовршен, но вие ги имавте елементите на Уставот што беше речиси онолку добар колку што можеше да се посака. Во вашите стари сталежи вие ја имавте таа разноликост од делови која се согласуваше со различните состојки од кои беше среќно составена вашата заедница: вие ја имавте целата таа комбинација и целата спротивставеност на интереси, ја имавте акцијата и контраакцијата, кои во светот на природата и во светот на политиката ја продолжуваат хармонијата на универзумот низ заемната борба на противречните сили. Овие спротивставени и конфликтни интереси што вие ги сметавте за толку голема дамка во вашиот стар Устав и во нашиот сегашен Устав, поставуваат корисно ограничување за избрзаните решенија. Тие од размислувањето прават нужност, а не избор; сите промени тие ги прават според принципот на *компромисот* што, природно, создава умереност; тие продуцираат *состојби* спречувајќи го болното зло од груби, сурови и неквалификувани реформации и ги прават засекогаш неизводливи сите стрмоглави напори на арбитрарната моќ, независно од тоа дали таа се практикува од неколкумина или од многумина. Преку таа разноликост на членови и интереси, општата слобода имаше исто толку залози

колку што имаше посебни погледи во неколку општествени слоеви; додека преку притискањето на тежината на вистинската монархија врз целоста, посебните делови ќе беа спречени од искривување и истргнување од нивните доделени места.

Вие ги имавте сите овие предности во вашите стари сталежи, но избравте да дејствувате како никогаш да не сте биле обликувани во едно граѓанско општество и како да морате сè да почнете одново. Почнавте лошо, затоа што почнавте со презирање на сè што ви припаѓаше. Вие влеговте во трговија без никаков капитал. Ако ви изгледаше дека последните генерации на вашата земја немаат многу сјај, вие можевте да ги одминете и да ги извлечете вашите барања од некоја поранешна раса на предци. Со побожната наклоност кон тие предци, вашите вообразби во нив ќе препознаеја еден стандард на доблест и мудрост, отаде вулгарната практика на денот, и така вие ќе порасневте со примерот на оние кон чие имитирање се стремевте. Почитувајќи ги вашите прататковци, ќе се научевте да се почитувате себеси. Немаше ни да помислите да ги сметате Французите како вчерашни луѓе, како нација со пониско потекло, како сервилни бедници сè до нивната еманципација во годината 1789. Не ќе се задоволевте со тоа – на сметка на вашата чест и барајќи изговор за апологетите на неколку ваши грозотии – да бидете претставувани како банда црни робови кои одненадеж се ослободиле од синџирите и, затоа, бараат да им се прости за злоупотребата на слободата на која не се навикнати

и која воопшто не им доликува. Немаше ли да биде попаметно, мој скапоцен Пријателу, за вас да се мисли како за дарежлива и галантна нација, онака како што јас секогаш мислев; нација која, за жал, долго била заведувана со високите и романтични чувства на верност, чест и лојалност; да се мисли дека настаните биле неповолни за вас, но дека вие не сте робувале на ниту еден неслободен и сервилен поредок, туку дека сте се раководеле, со најпосветена покорност, според принципот на јавниот дух и дека сте ја обожавале токму вашата земја, олицетворена во личноста на вашиот крал? Ако се обидевте да нѐ убедите дека во привидението на оваа несакана грешка сте отишле подалеку од вашите мудри предци, дека сте биле решени да ги продолжите вашите стари привилегии чувајќи го духот на вашата стара и на вашата скорешна лојалност и чест, или ако погледневте – несигурни во себе и неспособни јасно да го распознаете речиси во целост избришаниот закон на вашите предци – кон вашите соседи во оваа земја, кон оние кои ги беа зачувале од исчезнување некогашните принципи и модели на старото обичајно право во Европа, подобрено и адаптирано во согласност со нејзината сегашна ситуација – угледувајќи се на мудрите примери – вие ќе му дадевте на светот нови примери на мудроста. На тој начин, ќе направевте каузата на слободата да е достојна за почит во очите на секој разборит ум во секоја нација. Засекогаш ќе го збришевте деспотизмот од земјата, покажувајќи дека слободата не е само помирлива, туку и дека таа му помага на законот само доколку

добро се скроти. Така, ќе имавте нерепресивен но, сепак, продуктивен приход. Така ќе можеше да цвета трговијата која ќе го создаваше таквиот приход. Ќе имавте слободно уставно уредување, моќна монархија, дисциплинирана армија, реформирано и почитувано свештенство и скромно но, продуховено благородништво да ја предводи, а не да ја окове вашата доблест. Ќе имавте слободоумен граѓански слој кој ќе се угледуваше на благородништвото, а тоа самото ќе произлегуваше од него. Ќе имавте заштитен, задоволен, трудољубив и послушен народ, научен да ја бара и да ја препознава среќата што може да се најде секогаш само во доблеста, бидејќи токму во неа лежи вистинската морална еднаквост на човештвото. Неа ја нема во онаа монструозна фикција која – будејќи лажни идеи и залудни очекувања кај луѓето што се судбински предодредени за мачен пат низ животот – служи само за да ја загорчи и да ја отежне онаа вистинска нееднаквост која никогаш не може да се отстрани; и која поредокот на граѓанскиот живот ја воспоставува како придобивка, не само за оние кои мора да бидат оставени во потчинета положба, туку и за оние кои може да ги издигне до повеличествена, но не и посреќна положба. Пред вас беше отворен мазен и лесен пат до среќата и славата, каков што историјата на светот нема забележано, но вие покажавте дека тешкотиите се добри за луѓето.

Пресметајте ги вашите добивки: погледнете што се добива со овие екстравагантни и дрски шпекулации кои ги научија вашите лидери да ги презираат сите нивни предци и сите нивни современици, па, дури,

да се презираат и себеси, сè до оној миг кога и самите станаа навистина достојни за презир. Следејќи ги овие лажни светла, Франција ја купи понижувачката несреќа по повисока цена од цената што секоја друга нација ја плати за да добие недвосмислени благослови! Франција ја купи сиромаштијата со злосторство! Франција не ја жртвуваше својата доблест во името на интересот, туку се откажа од својот интерес за да може да ја проституира својата доблест. Сите други нации почнаа со создавање нова влада или со реформирање на старата, откако востановија или, со поголема точност, применија некои религиски обреди. Сите други народи ги втемелија граѓанските слободи врз основа на посериозно однесување и врз основа на системот на построга и машка моралност. Откако Франција ги испушти дизгините на кралскиот авторитет, таа ја удвои распуштеноста и нескротливата развратност во однесувањето и безобразната безбожност во мислењата и практиките. Франција ја прошири сета несреќна расипаност (која, вообичаено, беше болест на богатството и моќта) низ сите сфери на животот, како да пренесува некоја привилегија или како да распостила некоја скриена придобивка. Ова е еден од новите принципи на еднаквост во Франција.

Со помош на перфидноста на нејзините водачи, Франција целосно го посрамоти тонот на разумното советување во кабинетите на принцовите и, на тој начин, му ги одзеде најважните теми. Таа ги освети мрачните и сомнителни максими на тиранската невера и ги научи кралевите да треперат пред

она што оттука, па натаму, ќе го именувам како лажна веродостојност на моралните политичари. Суверените ќе ги сметаат за поткопувачи на нивните тронови оние кои ги советуваат безгранично да му веруваат на својот народ; ќе ги гледаат како предавници кои имаат цел да ги уништат со тоа што ќе ја заведат нивната лесна и добродушна природа, со сомнителни изговори, да им дозволи на храбри и безверни луѓе да учествуваат во нивното владеење. Дури и само тоа (ако немаше и други работи) е доволно непоправлива несреќа за вас и за човештвото. Сетете се дека вашиот Парламент во Париз му кажа на вашиот крал дека при свикувањето на сталежите нема од што да се плаши освен од нивната чудовишна и неумерена ревност во обезбедувањето поддршка за тронот. Сега е праведно тие луѓе да си го „подвијат опашот“. Сега треба тие да си го понесат својот дел од одговорноста за пропаста што нивните совети им ја донесоа на владетелот и на земјата. Декларациите полни со оптимизам ја успиваат власта поттикнувајќи ја непромислено да влетува во опасните авантури на непроверената политика; да ги занемари оние мерки, подготовки, онаа претпазливост која ја разликува добродушноста од слабоумноста и без која ниту еден човек не може да одговара за благодатниот исход на секој апстрактен план на владата или на слободата. Пренебрегнувајќи го сето тоа, тие видоа како лекот за државата се претвора во нејзин отров. Тие видоа дека бунтот на Французите против еден умерен и законит монарх е исполнет со повеќе бес, навреда и гнев, отколку бунтот на кој и да било

друг народ кој се кренал против најнезаконитиот узурпатор, или против најкрвавиот тиранин. Тие им се противеа на отстапките и нивниот револт беше насочен кон заштитата; нивниот удар се стремеше кон раката којашто даваше милост, услуги и заштита.

Ова беше неприродно. Другото е во ред. Нивниот успех за нив стана казна. Законите беа укинати, судовите беа расформирани, индустријата беше без сила, трговијата умираше, приходите беа неплатени, а луѓето осиромашени; црквата беше ограбена, а државата не беше ослободена од товарот; граѓанската и воената анархија се претворија во поредок на Кралството; сè што беше човечко и божествено му беше жртвувано на идолот на јавните кредити, а последица од тоа беше банкротирањето на нацијата; и, конечно, како круна на сè, се издаваа нови обврзници со сомнителна и несигурна вредност – дискредитирани хартии од вредност на една бедна измама и питачки грабеж беа дадени како конвертибилна валута за поддршка на империјата, наместо двата големи признати вида ковани пари (златните и сребрените), кои ја претставуваат трајната и вообичаена доверба на човештвото, парите што исчезнаа и се скрија под земја од каде што дојдоа, кога принципот на сопственоста, што нив ги создаде, беше систематично урнат.

Дали беа потребни сите овие ужасни нешта? Дали беа тие неизбежен резултат од безнадежната борба на решителни патриоти, присилени да газат низ крв и буна до тивкиот брег на мирната и просперитетна слобода? Не! Ниту слично на тоа! Урнатините на

Франција кои ги шокираат нашите чувства, каде и да го свртиме погледот, не се резултат на граѓанска војна, тие се тажни но поучни споменици на избрзаниот и неук совет, понуден во време на длабок мир. Тие го покажуваат лицето на една безобзирна и дрска власт која никој не ја довел под прашање и не и дал никаков отпор. Според тоа, луѓето кои вака расипнички го потрошија скапоценото богатство на нивните злосторства, оние кои здивено ја направија оваа огромна загуба на јавните зла (при што, последната клада беше резервирана за конечниот спас на државата) – во своето напредување не наидоа, речиси, на никаков отпор. Целиот нивен марш личеше повеќе на триумфална процесија отколку на војна. Нивната претходница врвеше пред нив, уривајќи и газејќи сѐ пред себе. Ниту една капка од нивната крв не беше пролеана за каузата на земјата што ја уништија. За своите проекти тие не жртвуваа ништо повеќе од врвца на чевелот, додека го затвораа кралот, додека ги убиваа нивните сограѓани, капејќи ги во солзи, фрлајќи ги во сиромаштија и во јадови, илјадниците достојни луѓе и достојни семејства. Нивната суровост не беше дури ни беден резултат на стравот.Таа беше последица на нивното чувство за совршена безбедност во одобрување на предавствата, грабежите, силувањата, убиствата, колежите и пожарите низ целата нивна страдалничка земја. Но причината за сето тоа беше едноставна уште од самиот почеток.

(...)

Кога луѓето со статус и ги жртвуваат сите идеи за достоинство на една амбиција која, очигледно, е без основа, кога дејствуваат со приземни инструменти за остварување ниски цели, целата структура станува ниска и долна. Зар не се случува нешто такво сега во Франција? Зар тоа не создава нешто што е достојно за презир и е неславно? Некој вид на подлост што преовладува во целокупната политика? Или, пак, тенденција, во сè што се прави, да се згазат поединците и, заедно со нив, достоинството и важноста на државата. Другите револуции ги предводеа личности кои ги осведочија своите амбиции со унапредување на достоинството на луѓето чиј мир го беа нарушиле, додека се обидуваа да направат промени, или навистина ги изведоа промените во Комонвелтот. Тоа беа луѓе со визија. Нивната цел беше да владеат, а не да ја уништат својата земја. Како луѓе со огромен граѓански и огромен војнички талент, иако предизвикуваа страв и трепет, тие, сепак, беа украс на своето време. Тие воопшто не личеа на еврејските трговски посредници и не се натпреваруваа меѓу себе во тоа кој подобро ќе ја излекува нивната земја (со лажна циркулација на пари и обезвреднета хартија) од ужасот и пустошот кој ја снајде по нивните изопачени совети. Комплиментот што на еден од големите лоши луѓе од стар ков (Оливер Кромвел) му го упатува еден од неговите сродници, омилен поет од тоа време, покажува што, всушност, замислувал

тој и што, навистина, во голема мера постигнал, успешно спроведувајќи ја својата амбиција со овие стихови:

> Додека *ти*, мирен, се воздигаш, и државата е возвишена
> Спокојна, додека *ти* ја менуваш;
> Променета, како големата сцена на светот, кога без бука
> Сонцето што се раѓа ги уништува вулгарните светлини
> на ноќта.[7]

Личностите како Кромвел не личеле толку на узурпатори на власта, колку што сакале да го нагласат своето природно место во општеството. Нивното издигнување требало да го осветли и да го разубави светот. Тие ги победиле своите противници, надминувајќи ги со својата блескавост. Раката која ја тресна земјата како ангел на уништувањето, и ги пренесе силата и енергијата под кои таа страдаше. Не велам (Господ да чува!), не велам дека доблестите на овие луѓе би требало да се разберат како рамнотежа на нивните злосторства, но, сепак, тие, во извесна смисла, беа коректив на нивните ефекти. Таков беше, како што веќе спомнав, нашиот Кромвел. Такви беа кај вас луѓето, како што се војводата од Гиз, Конде и Колињи. Такви беа луѓето од ковот на Ришелје, кои и во време на мир дејствуваа во духот на граѓанската војна. Такви беа вашите Анри IV и Сули. Тие беа подоблесни и среде помалку сомнителни околности, но, сепак, живееја во контекст на

7 Едмунд Валер, „Панегирик на мојот господар заштитник“ (во *Дела*, 1730 година).

граѓански немири и не беа сосема неизвалкани од нив. За чудење е да се види како Франција, кога за миг успеа да земе здив, многу бргу закрепна и изникна од најдолгата и најстрашната граѓанска војна[8] каква што не познаваше ниеден друг народ. Зошто? Затоа што Французите, и покрај сите свои масакри, не ја убија *свес̄та* во својата земја. Таму не беа згаснати свеста за достоинството, благородната гордост, широкоградото чувство за слава и натпреварувачкиот дух. Напротив, сето тоа беше поттикнато и распламтено. Колку и да беше државата разнишана, нејзините органи опстанаа. Преживеаја сите награди за чест и доблест, сите одликувања и почести. Но, вашата сегашна конфузија, како некоја чума, го напаѓа дури и изворот на животот. Во ситуација кога треба да дејствува според принципот на честа, секој човек во вашата земја е посрамен и понижен и не може да развие никакво чувство кон животот, освен тегобната и понижувачка горчина. Но, оваа генерација бргу ќе исчезне. Следната генерација на благородништвото ќе наликува на занаетчии и кловнови, на лихвари и праматари и Евреи, кои секогаш ќе бидат нивни соработници, а, понекогаш, и нивни господари. Верувајте ми, Господине, оние кои се обидуваат да ги израмнат слоевите, никогаш не успеваат да ги изедначат. Во сите општества составени од различни слоеви граѓани, некои од нив мораат да бидат највисоки. Оттука, оние кои израмнуваат, само го менуваат и го расипуваат природниот ред на нештата, поставу-

8 Се мисли на верските војни во Франција во 16 век.

вајќи го во воздух она што, поради цврстината на структурата, треба да биде на земја. Здруженијата на шивачи и на дрводелци, од кои е составена републиката (*Парискаѿа*, на пример), не можат да и бидат дораснати на ситуацијата во која вие сосила се обидувате да ги турнете, користејќи се со најлошото од сѐ – со присвојувањето на природните права. При отворањето на *Собраниеѿо на сѿалежиѿе*, канцеларот на Франција, обраќајќи се со еден раскошен ораторски тон, рече дека сите занимања се чесни. Немаше да биде далеку од вистината ако мислеше само на тоа дека ниедно чесно вработување не е срамно. Но, ако тврдиме дека секое занимање е чесно, само по себе се подразбира дека му доделуваме обележје што му оди во прилог. Работата на фризерот или на свеќарот не може да се смета за прашање на честа – а и да не зборувам за редица други занимања кои подразбираат слугување. Луѓето кои му припаѓаат на овој слој не би требало да бидат угнетувани од државата, но, од друга страна, државата страда ако на овие луѓе им се дозволи да владеат, било индивидуално, било колективно. Вие мислите дека на тој начин се борите против предрасудите, но, всушност, вие војувате со природата.

Драг мој Господине, јас не мислам дека вие имате претерано ситничав или, пак, претерано тесноград дух кој, за секоја општа опсервација или за секое чувство, би барал експлицитни детали за корективите и исклучоците, за кои разумно се претпоставува дека се вклучени во сите општи предлози кои доаѓаат од разбрани луѓе. Сигурно не замислувате дека јас би

сакал да ги сведам власта, авторитетот и угледот на крвно сродство, на имиња или титули. Не, Господине. Нема други квалификации за управувањето, освен доблеста и мудроста, било да се тие реални или претпоставени. Каде и да се наоѓаат, тие го имаат небесниот пасош за човековото место и човековата чест, во секоја држава, во секоја ситуација, професија или во секој занает. Тешко на онаа земја која безумно и безбожно ги отфрла услугите на талентите и доблестите – граѓански, воени или верски – кои постојат за да ја разубават и да и служат; и на тој начин, го фрла во темнина сето она што треба да шири слава и светлина. Тешко и на онаа земја која, паѓајќи во другата спротивност, смета дека лошото образование, инфериорните и ограничени погледи на нештата, одвратниот платенички занает имаат предност над правото за владеење. Сѐ треба да му биде достапно секому, но не без одговорност. Во една влада која се занимава со опсежна проблематика, не може да биде добро ниту едно ротирање, ниту едно именување, или ниту еден избор што се прави според принципот на жрепка. Затоа што таквите принципи не се стремат, ниту директно ниту индиректно, да го изберат човекот кој и е посветен на должноста ниту, пак, едното и другото заемно да ги приспособат. Не се колебам да кажам дека патот од бедната положба, па сѐ до високиот статус и власта, не треба да биде премногу лесен ниту, пак, претерано да зависи од востановениот тек. Дури и ако ретката доблест е најреткото од сите ретки нешта, таа, сепак, треба да помине низ некој вид проба. Храмот на честа

треба да се изгради врз темелите на возвишеноста. Ако доблеста ги отвора неговите порти, нека биде запомнато, исто така, дека таа не може со ништо да се испроба, освен со тешкотии и со борба.

(...)

Ако граѓанското општество е фиданка на конвенцијата, тогаш конвенцијата мора да биде закон на тоа општество. Таа конвенција мора да ги ограничува и да ги видоизменува сите инстанции на уставното уредување што се формираат во согласност со неа. Секој вид законодавна, судска или извршна власт е нејзино дело. Тие не можат да постојат во ниту една друга состојба на нештата; и, зар може некој човек врз основа на конвенциите на граѓанското општество да бара права кои воопшто и не го претпоставуваат неговото постоење, права кои апсолутно му се туѓи на тоа општество? Еден од првите мотиви на граѓанското општество кој се претвора во едно од неговите фундаментални правила е дека *ниту еден човек не треба да биде судија за својот сопствен случај*. Со ова, секоја личност веднаш се лишува од првото фундаментално право на човек којшто не е обврзан со договор, да пресудува сам за себе и да го застапува сопствениот случај. Тој се откажува од сите права да управува со себе. На овој начин, тој во огромна мера се откажува од правото на самоодбрана, односно, од првото природно право. Луѓето не можат да ги уживаат истовремено правата на неграѓанската и на граѓанската држава. За да може

да ја оствари правдата, човекот мора да се откаже од правото да определи што е, всушност, правдата, во оние нешта кои за него имаат најголема важност. За да може да осигури малку слобода, тој и се препушта на верата во нејзината целост.

Владата не се формира врз основа на природните права кои можат да постојат и, навистина, постојат целосно независно од неа; тие постојат со многу поголема јаснотија и во многу поголем степен на апстрактно совршенство; но, нивното апстрактно совршенство е нивниот практичен дефект. Имајќи го правото на сè, тие сакаат сè. Владата е мајсторски изум на човековата мудрост кој им служи на луѓето за обезбедување на нивните *потреби*. Луѓето имаат право овие потреби да им се обезбедат со оваа мудрост. Помеѓу овие потреби, граѓанското општество треба да ја земе предвид и потребата за задоволително ограничување на човековите страсти. Општеството бара да бидат потчинети не само страстите на поединецот, туку дури и во масата како целост, исто како и кај поединците, склоностите на луѓето честопати да се попречуваат, нивната волја да се контролира и нивните страсти да се ограничат. Ова единствено може да се стори *со сила која произлегува од самите нив;* тоа не може да се достигне со извршување општествена функција која е потчинета на таа волја и на тие страсти што, всушност, е обврзана да ги заузди и да ги скроти. Во оваа смисла, ограничувањата што им се наметнуваат на луѓето, како и нивните слободи треба да се сметаат за нивни права. Но со оглед на тоа што слободите

и ограничувањата варираат заедно со времето и околностите и, под нивно влијание, постојано се менуваат, тие не можат да се утврдат со ниедно апстрактно правило. Оттука, сосема е будалесто за нив да се дискутира врз основа на тој принцип.

Од моментот кога се намалува нешто од квантумот права на човекот да управува самиот со себе и кога се дозволува какво и да било вештачки утврдено позитивно ограничување на тие права, од тој момент целата организација на владата почнува да се разгледува како практичен проблем. Поради ова, устројувањето на државата и соодветното распоредување на моќта се исклучително деликатни и најкомпликувани вештини. Тоа бара длабоко познавање на човековата природа и на човековите потреби, како и познавање на работите кои ги олеснуваат или ги попречуваат различните цели што треба да се остварат низ механизмите на граѓанските институции. Државата мора да има извори на сила, но и лекови за своите болести. Каква е ползата од расправата за човековото апстрактно право на храна или на лекови? Прашањето е на кој начин тие се обезбедуваат и се препишуваат. Во таа смисла, јас секогаш ќе советувам да се повика на помош еден фармер или еден лекар, а не професор по метафизика.

Науката за градење на една политичка заедница, за нејзиното обновување или реформирање, како и секоја друга експериментална наука, не може да се изучува *a priori*. Краткото искуство не може да нè подучи во таа практична наука, затоа што реалните ефекти на моралните причини не се секогаш

непосредни; затоа што оној ефект кој, на прв поглед е можеби, штетен, понатаму може да се покаже како одличен; исто така, одличноста може да произлезе од ефекти кои на почетокот се покажале како неповолни. Се случува и спротивното: многу поволни планови со особено пријатен почеток, честопати, завршуваат на срамен и жалосен начин. Честопати, во државите постојат некои нејасни и речиси прикриени причини, нешта кои на прв поглед се чинат безначајни, но од кои може, на најсуштествен начин, да зависи напредокот или назадувањето на државите. Науката за владеењето е самата по себе практична и насочена кон практични цели. Таа бара огромно искуство, поголемо од она со кое човекот може да се здобие во текот на еден човечки живот, па колку и да е тој мудар и проникли в. Затоа, луѓето треба да бидат бескрајно претпазливи кога се впуштаат во уривањето на едно здание кое со векови, во соодветен степен, одговарало на обичните цели на општеството – или кога тргнуваат во неговата повторна изградба, без притоа, да имаат очигледни модели и обрасци кои би ја покажале неговата полезност.

Кога овие метафизички права влегуваат во заедничкиот живот како зраци светлина кои се пробиваат во густа средина, тие, според законите на природата, се прекршуваат од нивната права линија. Навистина, во севкупната и комплексна маса на човечки страсти и интереси, примитивните права на човекот подразбираат таква разноликост на прекршувања и рефлексии, што станува

апсурдно да се зборува за нив како за нешто што продолжува во едноставноста на нивниот почетен правец. Природата на човекот е компликувана; општествените феномени се комплексни во најголемата можна мера; според тоа, ниту едно едноставно распоредување или управување на моќта не може да биде соодветно ниту на човековата природа, ниту на квалитетот на неговите работи. Кога слушам за едноставноста на мајсториите кои се стремат кон некое ново политичко уредување и се фалат со него, јас не губам ништо ако заклучам дека нивните создавачи ништо не знаат за сопствениот занает или, пак, дека се сосема неодговорни во однос на нивната должност. Едноставните влади се дефектни во својата основа, да не кажам нешто полошо. Ако размислувате за општеството од само една гледна точка, сите овие едноставни начини на политичко уредување ве заробуваат со својата привлечност. Всушност, секој од овие начини и одговара само на својата цел многу посовршено, отколку што покомплексниот начин може да одговори на сите негови комплексни барања. Но, подобро е целоста да не биде совршено решена и да има некои аномалии, отколку некои нејзини делови да бидат уредени со голема точност, а други да бидат сосема занемарени или дури материјално оштетени со прекумерната грижа за некој омилен дел.

Сите божемни права на овие теоретичари се, всушност, крајности и во истата онаа мера во која се метафизички точни, тие се морално и политички лажни. Правата на човекот се наоѓаат во некоја

*средина*: невозможно е да се дефинираат, но не е невозможно да бидат препознаени. Правата на луѓето во владите се нивни предности и тие честопати се наоѓаат во рамнотежата помеѓу различните добра, понекогаш, во компромисите помеѓу доброто и злото, а, понекогаш, помеѓу две зла. Политичкиот резон е, во суштина, принцип на морално, а не на метафизичко или на математичко пресметување: собирање, одземање, множење и делење, на вистински морални деноминации.

Според овие теоретичари, правото на луѓето речиси секогаш е софистички измешано со нивната власт. Поголемиот дел на заедницата, кога и да е во состојба да дејствува, воопшто не се среќава со вистински отпор. Но сè додека власта и правото се едно и исто, целата заедница нема права кои не се во согласност со доблеста, а прва од сите доблести е разумноста. Луѓето немаат право на она што не е разумно и на она што не е во нивна корист, но, како што добро кажал еден интересен писател, *Liceat perire poetis*[9], кога еден од нив, како што се раскажува, ладнокрвно скокнал во пламенот на вулканската ерупција *Ardentum frigidus Aetnam insiluit*.[10] Сметам дека таквата забава е попрво неоправдана поетска слобода отколку едно од овластувањата на

9 *На поетите им е дозволено да загинат,* позната сентенција преземена од *Поетска уметност* (*Ars Poetica)* на Хоратиј.

10 *Ладнокрвно скокнал во огнената Етна,* станува збор за Емпедокле кој, според легендата, скокнал во кратерот на вулканот Етна, а од него останале само бронзените сандали. Оваа легенда многу рано го обвила неговиот лик, но тој всушност бил филозоф на природата и лекар, кој живеел во 5 век пр.н.е. на денешна Сицилија.

Парнас; и независно од тоа дали тој што избира да го практикува таквото право е поет, свештеник или политичар, мислам дека помудрите мисли (затоа што се помилосрдни) ќе ме натераа, пред сè, да го спасам човекот, а не да ги чувам неговите бронзени сандали како споменици на неговата лудост.

Ако луѓето не се засрамат од начинот на кој денес го слават тој настан, со видот на годишните беседи на кои се однесува голем дел од ова што го пишувам, нивните принципи ќе бидат изневерени и тие ќе бидат лишени од придобивките на револуцијата што ја одбележуваат. Ви признавам драг Господине, дека никогаш не сум го сакал ова постојано зборување за отпор и за револуција, како што не сум ја сакал практиката според која лекот што треба да му се дава на уставот само во екстремни случаи се претвора во дневно следување на леб. Таквата практика вообичаениот живот на општеството го претвора во хронично болен: се земаат периодични дози на живин сублимат и се голтаат средства за предизвикување на нашата љубов кон слободата.

Ваквата злоупотреба на лекот која станала вообичаена, со вулгарното и срамно користење го ослабнува и го истрошува изворот на оној дух кој треба да се применува во исклучителни околности. Во најмирниот период на римското ропство темите на тираноубиството биле дел од обичните вежби на момчињата в училиште – *cum perimit saevos classis numerosa tyrannos*[11]. При една нормална

11 *Кога многубројната класа ќе ги уништи суровите тирани,* преземено од *Satires*, VII, 151 на Јувенал.

состојба на нештата, во земја каква што е нашата, тоа создава најлоши ефекти, дури и во однос на онаа слобода што ја злоупотребува со распуштеноста на екстравагантната шпекулација. Речиси сите републиканци од моето време кои имаат високо потекло, за кратко време станаа најпосветени, добро извежбани дворјани. Наскоро тие го напуштија досадниот, умерениот, но практичен отпор кон оние меѓу нас кои, во гордоста и опиеноста со сопствените теории, ги омаловажуваа како не многу подобри од ториевците. Се разбира, хипокризијата восхитува со највозвишените шпекулации зашто таа и онака никогаш нема намера да оди отаде шпекулацијата, па ништо не ја чини да ја направи величенствена. Но дури и во случаите кога во овие бомбастични шпекулации можеше да се назре повеќе лекомисленост отколку измама, темата беше во голема мера истата. Кога овие професори ќе сфатат дека нивните екстремни принципи не се применливи во случаи кои бараат само квалификуван, или, да речам, граѓански и правен отпор, тие, во таквите ситуации, воопшто не го употребуваат тој отпор. За нив постои војна и револуција, или ништо. Наоѓајќи дека нивните политички планови не се приспособени на состојбите во светот во кој живеат, тие честопати го сфаќаат премногу лесно секој јавен принцип и од своја страна се подготвени, заради некој тривијален интерес, да го напуштат она, што според нивното мислење, нема некоја голема вредност. Навистина, некои од нив имаат постабилни и поистрајни природи, но овие се ревносни политичари надвор од Парламентот кои

речиси ништо не ги доведува во искушение да ги напуштат нивните омилени проекти. Тие постојано имаат предвид некои промени во црквата или во државата, или, пак, во двете. Кога е таков случајот, тие се секогаш лоши граѓани и совршено несигурни врски. Зашто, со оглед на тоа што сметаат дека нивните сопствени бомбастични проекти имаат бесконечна вредност и дека актуелното уредување на државата не е достојно за никаква почит, тие се во најмала рака, рамнодушни кон неа. Тие не гледаат никаква вредност во доброто и никаков недостаток во лошото управување со јавните работи; тие повеќе сакаат да уживаат во последново, како во нешто што е поповолно за револуцијата. Тие не гледаат никаква вредност ниту недостаток во кој и да било човек, во која и да било акција, или во кој и да било политички принцип, освен во онаа мера во која тие ги поттикнуваат или ги забавуваат нивните планови за промена: оттука, тие еднаш се занимаваат со најнасилниот и најрастегнат прерогатив, а другпат со бесмислените демократски идеи на слободата, и поминуваат од едното до другото без воопшто да имаат обзир кон каузата, кон личноста или кон партијата.

Вие во Франција сега сте во кризата на револуцијата и во преминувањето од една форма на владеење во друга и, според тоа, не можете да го видите таквиот карактер на луѓето во сосема истата ситуација во која ние го гледаме во оваа земја. Кај нас тој е милитантен, а кај вас е победнички и вие знаете како тој може да дејствува кога неговата

моќ е сразмерна со неговата волја. Не би требало да ги ограничам тие опсервации на која и да било категорија, но не би требало ниту сите луѓе од различни категории да ги внесам во нив. Не, далеку од тоа. Јас сум исто толку неспособен за една таква неправда колку што не сум способен да ги одржувам односите со оние чии принципи се екстремни и кои, во името на верата не учат на ништо друго, освен на луда и опасна политика. Најлоша од тие политики на револуцијата е оваа: тие ги челичат и ги стврднуваат градите за да ги подготват за очајнички удари кои понекогаш се употребуваат во крајни пригоди. Но, бидејќи ваквите пригоди може никогаш да не се создадат, умот неоправдано се валка, а моралните чувства многу страдаат кога зад одрекувањето не стои ниедна политичка причина. Овој вид луѓе се толку вознесени со своите теории за правата на човекот, што сосема ја заборавиле човековата природа. Без да отворат барем еден нов пат кон разбирањето, тие успеале да ги запрат оние патишта кои водат кон срцето. Сите правилни симпатии од срцето на човекот овие луѓе ги искривоколчиле во себеси и во сите оние кои ги следат.

(...)

Кои се тие што им се восхитуваат и од дното на срцето се приврзуваат за националните претставнички собори, но мораат, со ужас и гадење да се свртат од ваквата профана бурлеска, од ваквото гнасно искривоколчување на една света

институција? И на љубителите на монархијата и на љубителите на републиката мора да им се гади од тоа. И членовите на вашиот Парламент сигурно стенкаат под тиранијата поради тоа што не им носи никаква моќ за управување, сосема малку полза, а најмногу од сè – на сите им носи срам. Сигурен сум во тоа дека многумина од членовите кои дури го сочинуваат и мнозинството на тој собор, мора да се чувствуваат исто како и јас, независно од аплаузите на *Револуционерноѿо друшѿво*. – Беден крал! – Беден Парламент! Колку ли мора да биде тоа Собрание немо скандализирано од оние свои членови кои можат да кажат „колку убав ден“ за денот кој изгледал како сонцето да е збришано од небото[12]! Колку ли тие луѓе мора да се огорчени во душата слушајќи ги другите кои мислеле оти е добро да објават дека „бродот на државата ќе летне напред кон обновата со поголема брзина откога и да е“, гонет од силната бура на предавствата и убиствата кои му претходеа на триумфот на нашиот проповедник! Што ли мора да чувствувале додека со трпелива надворешност, а со огорчена внатрешност, слушале за масакрот на недолжните господа во нивните домови, слушале дека „пролеаната крв не била најчистата“? Што ли мора да чувствувале опседнати од сите страни со поплаки за немирите кои од темел ја потресоа нивната земја, принудени ладнокрвно да им кажат на оние кои се жалат, дека тие се под заштитата на законот и дека ќе му се обратат на кралот (на

12 „un beau jour“ – изразот се однесува на 6 октомври 1789 година, денот на Француската револуција.

заробениот крал) да нареди да се спроведат законите заради нивна заштита; кога заробените министри на тој, затворен крал, формално објавиле дека веќе не постои ниту закон, ниту авторитет, ниту, пак, власт која ќе ги заштити? Што ли мора да чувствувале кога биле принудени, како честитка за оваа нова година, да побараат од својот заробен крал да го заборави бурниот период од претходната година за сметка на големото добро кое *шој* наводно, требало да му го обезбеди на својот народ; за чие целосно остварување тие го одложиле практичното докажување на нивната лојалност, уверувајќи го дека ќе му се покорат тогаш кога тој веќе нема да има никаков авторитет за да им заповеда.

Ова обраќање сигурно беше направено со многу добра волја и љубов. Но помеѓу револуциите во Франција, мора да се смета и на една значајна револуција во нивните идеи за учтивоста. Вие, од другата страна на Каналот, за нас во Англија зборувате дека манирите ги учиме од вас, од втора рака и дека нашето однесување го облекуваме во француските дреболии. Дури и да е така, ние сме уште во старата кројка и не сме и се приспособиле на новата париска мода на убаво однесување, за да помислиме дека сме излегле љубезни на најпрефинет начин ако на некој кој доживеал најголемо понижување на земјата му кажеме (било во форма на сочувство, или во форма на честитка) дека големите јавни добра ќе произлезат од убиствата на неговите слуги, обидите за убиство врз него и врз неговата жена, како и од мачењата, срамот и понижувањата што лично тој ги искусил.

Тоа е таква лоша утеха што дури и свештеникот од Њугејт би бил премногу хуман за да му ја понуди на злосторник кој се наоѓа под бесилка. Требаше да помислам дека џелатот на Париз, сега кога стекна толкава слобода преку гласовите од *Националноѿо собрание*, кога му е доделен неговиот ранг и грб во *Хералдскиоѿ колеџ за ѿраваѿа на човекоѿ*, ќе биде премногу великодушен, премногу галантен човек, толку исполнет со смислата за неговото ново достоинство, за да ја употреби таа зајадлива утеха на која и да е од личностите која поради *навреда на народоѿ* може да ја најде под раката на неговата *извршна моќ*.

Човекот на кој вака му ласкаат е навистина пропаднат. Вака подготвената смирувачка голтка на заборавот е добро пресметана за да ја зачува жолчната будност и да го храни живиот чир на разјаденото сеќавање. Така да му се даде некому опојниот напиток на амнестијата, засолен со сите состојки на презир и срам, подразбира, наместо „мелемот за ранети души“, до неговите усни да се допре шолјата на човечка мизерија и тој да се присили да ја испие до дното.

Кралот на Франција веројатно ќе настојува да ги заборави тие настани и таа честитка отстапувајќи пред причини кои се исто толку силни колку и оние што внимателно се изложени во новогодишната честитка. Но историјата која трајно ги чува записите за сѐ што правиме и најстрого суди за постапките на сите различни владетели, нема да ги заборави ниту овие настани, ниту ерата на оваа либерална елегантност

во меѓусебните врски на човештвото. Во историјата ќе остане запишано дека утрото на 6 октомври 1789 година, кралот и кралицата на Франција, по цел еден ден полн со конфузија, вознемиреност, ужаси и колежи, откако јавно им била ветена сигурноста, и се препуштиле на природната потреба за одмор и легнале да си починат неколку часови, обземени со немир и тага. Најпрвин кралицата била разбудена од сон кога го чула гласот на стражарот крај вратата кој и довикнал да се спасува со бегство. Тоа бил последниот доказ за верност што стражарот можел да и го даде, бидејќи тие биле речиси врз него и за миг тој паднал заклан. Толпата свирепи насилници и убијци, со неговата крв на рацете, влетала во одаите на кралицата и со илјадници удари на бајонетите и ножевите го издупчила креветот од каде што оваа кутра жена одвај имала време да скокне и да истрча речиси гола и низ ходници непознати за убијците, и да избега барајќи засолниште падната ничкум пред нозете на својот крал и маж, кој, ни за миг, не можел да биде сигурен ниту за сопствениот живот.

Да кажеме само толку дека овој крал, кралицата и нивните мали деца (кои во некое друго време би ги претставувале гордоста и надежта на големиот и дарежлив народ) тогаш беа принудени да го напуштат светиот простор на најраскошната палата во светот, што ја оставија потопена во крв, загадена од колежите и послана со расфрлени екстремитети и со осакатени тела. Од тука тие беа однесени во престолнината на нивното кралство. Од тој разблуден колеж, со ништо не предизвикан и спроведен без

отпор врз претставниците на кралската гарда, која беше составена од господа по раѓање и според семејно потекло, беа издвоени двајца. Овие двајца благородници беа сурово и јавно довлечкани до трупецот во главниот двор на палатата каде што им беа отсечени главите, а од сето тоа се направи парада на извршување на некаква божемна правда. Потоа нивните глави, набодени на копја, беа ставени на чело на колоната, додека заробеното кралско семејство ја следеше поворката, полека движејќи се напред, среде страшните крикови и пискотници, среде избезумените танци и срамните навреди и сите неискажливи грозотии на фуриите од пеколот, што се појавија во извртениот облик на најзлобни жени. Откако беа принудени да почувствуваат нешто што е пострашно и од горчината на смртта низ бавното и мачно, шестчасовно патување од дванаесет милји, ги сместија во една од старите париски палати, сега претворена во Бастилја за кралеви, под стражата на истите оние војници од кои беше составена таа триумфална колона.

Ваков ли е триумфот на кој треба да му се посветуваат олтари? Ваков ли е триумфот кој треба да се чествува со благодарност и да му се дарува на божественото човештво со страсни молитви и со изблици на воодушевеност? Ве уверувам дека *тебанските и тракиските оргии* што се изведоа во Франција и на кои им се ракоплескаше единствено во стариот еврејски кварт, го поттикнуваат пророчкиот ентузијазам во умовите на малкумина во ова

Кралство; иако светецот и апостолот[13] кој можеби имаше свои сопствени откровенија и кој толку целосно ги победи сите лоши суеверија на своето срце, можеби мислел дека тоа е побожно и умесно за споредба со влегувањето на Христос Спасителот во светот, кое во светиот храм го прогласи пресветиот мудрец, и тоа кратко пред гласот на ангелите да им го најави него на пастирите, во  нивната тивка невиност.

Во прво време, немав начин да си го објаснам ваквиот напад на неконтролиран занес. Навистина, знаев дека постојат некои типови луѓе кои им се насладуваат на страдањата на монарсите. Имаше размислувања кои можеа да помогнат ваквиот апетит да се чува внатре во некои граници на умереноста. Но, кога почнав да размислувам за една определена околност, бев принуден да признаам дека на *Друштвото* требаше да му се даде голем попуст и дека искушението било премногу силно за обичното право на одлучување. Мислам дека, *Io Paean*[14] на триумфот, живиот крик кој повикуваше „сите *бискупи* да бидат обесени на канделабрите", можеби изроди изблик на воодушевување за предвидените последици од овој „среќен" ден. Дозволувам, при едно толкаво воодушевување   малку да се отстапи од разборитоста. Дозволувам овој пророк да испее химни на радост и благодарност по повод настанот кој изгледа како предвесник на Милениумот и на

13 Берк повторно упатува на Прајс.

14 Формален израз за пофалба, вообичаено изговарана во Грција за се му се ирази благодарност на некое божество.

замислената петта монархија, во уривањето на сите црковни установи. Меѓутоа, среде целата оваа радост имаше (како што има и во сите човечки работи) нешто што ја ставаше на проба трпеливоста на овие угледни господа и што го доведуваше во искушение долгото страдање на нивната вера. Убиството на кралот, на кралицата и на нивното дете не се случи поради други поволни околности во овој „убав ден“. Не се случи ниту убиството на бискупите, иако многумина го посакуваа во нивните гласни молитви. За волја на вистината, групата за кралоубиство и за грозоморни колежи беше дрско испланирана, но само испланирана. Во оваа голема историска драма на масакрот на невините, неа ја оставија недовршена. Останува да се види кое ќе биде тоа силно перо и тој голем мајстор од школата за човековите права кој ќе ја доврши оваа драма. Ова време сè уште не ги досегнало целосно придобивките од раширеноста на знаењето кое ги поткопува суеверието и грешките; и кралот на Франција посакува уште едно или две нешта, да му ги остави на заборавот, земајќи го предвид сето добро кое ќе произлезе од неговите сопствени страдања и од патриотските злосторства на просветеното доба.

(...)

Но, власта, која и да е, секогаш ќе го преживее ударот во кој исчезнуваат сите манири и мислења, и ќе најде други и уште полоши средства за да опстане. Узурпацијата која ги уништи старите принципи за да

ги поткопа старите институции, ќе ја задржи власта со вештини, слични на оние со кои ја освоила. Кога стариот феудален и витешки дух на *Верноста* – кој ги ослободи кралевите од стравот и, заедно со нив, ги ослободи и потчинетите од страв од тиранија – ќе исчезне од умовите на луѓето, тогаш, заверите и убиствата ќе бидат пресретнати од превентивни смртни казни и конфискации, и од оние долги листи на грозни и крвави максими кои го обликуваат политичкиот кодекс на секоја сила која не се потпира врз својата сопствена чест и врз честа на оние кои треба да и се покоруваат. Кралевите стануваат тирани, од политички причини, тогаш кога нивните потчинети се дигаат на бунт поради принципи.

Кога ќе ни ги одземат старите мислења и правила на живот, загубата станува непроценлива. Од тој момент, па натаму, ќе немаме компас според кој ќе се ориентираме и нема да знаеме кон кој пристан да запловиме. Несомнено дека Европа, ако ја земеме како целост, беше во процут оној ден кога вашата Револуција беше завршена. Не е лесно да се каже во која мера таа просперитетна состојба се должеше на нашите стари манири и сфаќања; но, со оглед на тоа што функционирањето на тие причини не може да биде неважно, мораме да претпоставиме дека, во целост, резултатите од нивното дејствување донесоа придобивки. Навикнати сме да ги просудуваме работите во онаа состојба во која ги наоѓаме, без доволно да ги земеме предвид причините кои нив ги предизвикале и поради кои веројатно опстанале. Ништо не е посигурно од тоа дека нашите манири,

нашата цивилизација и сите добри нешта кои се поврзани со манирите и цивилизацијата во овој наш европски свет, со векови зависеле од два принципа и дека, навистина, биле резултат од комбинацијата на тие два принципа. Тука мислам на џентлменскиот дух и на духот на религијата. Благородништвото и свештенството, првото според вокација, а второто според покровителство, го одржувале знаењето во живот дури и среде вооружени судири и метежи и тогаш кога владите тешко можеле да бидат формирани. Знаењето им го возвратило на благородниците и на свештениците она што го добило од нив и тоа, со камата, проширувајќи ги нивните идеи и збогатувајќи ги нивните умови. Камо среќа сите тие да продолжеа да живеат во спознанието за нивното нераскинливо единство и за нивното сопствено место! Камо среќа знаењето да не беше заведено од амбицијата и да продолжеше и понатаму да биде учител кој не се стреми да стане господар! Заедно со неговите природни заштитници и чувари, знаењето ќе биде фрлено во калта и згмечено под копитата на свинската толпа[15].

(...)

Слушам дека понекогаш во Франција се зборува оти она што се прави кај вас е според примерот на Англија. Ве молам за дозвола да потврдам дека речиси ништо од она што се прави кај вас не произлегло

---

15 Берк тука алудира на судбините на Баји и Кондорсе (Bailly, Condorcet).

нитy од практиката, ниту од преовладувачките мислења на овие луѓе, било на дело или во духот на постапувањето. Дозволете ми да додадам дека не сме нерасположени да ги научиме овие лекции од Франција, исто колку што сме сигурни дека и ние никогаш не сме ги подучувале Французите на тоа. Овдешните тајни здруженија кои, на некој начин, имаат удел во збиднувањата кај вас се состојат само од грст луѓе. Ако тие луѓе, за несреќа, со некои нивни интриги, проповеди или публикации, или, пак, со некаква самоувереност која произлегла од некое неочекувано единство со плановите и со силите на француската нација, успеат да привлечат завиден број луѓе и последично, сериозно да се впуштат во нешто слично како она кај вас, се осмелувам да изнесам едно пророштво, дека тие, предизвикувајќи и извесни неволји на својата земја, многу бргу и самите ќе се уништат. Некогаш одамна, овие луѓе одбија да го променат нивниот закон заради почитта кон непогрешливоста на папите и нема да го променат ниту сега заради некаква побожна верба во догматизмот на филозофите, иако непогрешливоста на папите беше вооружена со анатемата и со крстоносните војни, а догматизмот на филозофите требаше да дејствува преку клеветата и фенерот.

Порано вашите проблеми беа само ваша грижа. Ние, како луѓе, сочувствувавме со вас, но, бидејќи не бевме граѓани на Франција, си стоевме настрана од тие проблеми. Но, кога овој модел ни се нуди како пример, мораме да се чувствуваме како Англичани и чувствувајќи се така, мораме и да се однесуваме како

Англичани. Независно од нас, вашите проблеми влегоа во сферата на нашето интересирање; барем во онаа мера во која треба да се држи подалеку од нас вашиот лек или вашата чума. Дури и ако станува збор за лек, ние не го сакаме, зашто знаеме какви се последиците од непотребното лекување. Ако, пак, станува збор за чума, против неа мора да се преземат мерки на претпазливост, како што е најстрогиот карантин.

(...)

Знаеме, и, што е уште подобро, чувствуваме однатре, дека религијата е основа на граѓанското општество и извор на сето добро и на сета утеха. Ние во Англија сме толку убедени во тоа дека не постои таква ’рѓа на суеверието која насобраната апсурдност на човековиот ум би можела да ја навлече како корка во текот на годините, која деведесет и девет од сто луѓе во Англија не би ја претпочитале пред безбожноста. Никогаш нема да бидеме толку неразумни и да го повикаме оној кој е непријател на суштината на секој систем да ги отстрани неговите грешки, да ги надомести неговите дефекти, или да ја усоврши неговата градба. Ако на нашите религиозни начела некогаш им биде потребно понатамошно расветлување, ние нема да се потпреме на атеизмот за да ги објасни истите. Ние нема да го осветлиме нашиот храм со тој безбожнички оган. Тој ќе биде осветлен со поинаква светлина. Ќе го намирисаме со друг мирис, поинаков од онаа заразна материја

што ја увезуваат криумчарите на фалсификуваната метафизика. Ако и е потребна ревизија на нашата црковна институција, ние сигурно нема да ја употребиме јавната или приватната лакомост и грабливост за да го провериме, за да го добиеме или за да го примениме нејзиниот осветен приход. Без да го осудиме жестоко *грчкиот* или *ерменскиот* или, пак, *римскиот религиски систем*, сега кога жештината стивна, ние го претпочитаме *протестантскиот религиски систем* – не поради тоа што мислиме дека во него има помалку од христијанската религија туку, напротив, поради тоа што во него, според нашето мислење, ја има повеќе. Ние сме протестанти, не од рамнодушност, туку, напротив, од страст.

Знаеме и горди сме што знаеме дека човекот, според својата градба е религиозно битие. Знаеме и дека атеизмот е против нашиот разум, но и против нашите инстинкти и дека тој не може долго да опстане. Но, ако се случи – во мигови на побуна и на пијан делириум од врелиот алкохол извлечен од казанот на пеколот кој сега во Франција толку бесно врие – да ја откриеме нашата голотија отфрлајќи ја христијанската религија која до ден-денес ни претставуваше гордост и утеха и еден голем цивилизациски извор за нас и за многу други нации, ние стравуваме (дека сме свесни оти умот не може да ја издржи празнината) дека некое простачко, убиствено и понижувачко празноверие би можело да го заземе нејзиното место.

Од тие причини, пред да им ги одземеме на нашите установи природните, човечки начини на

почитување и да му се препуштиме на презирот, како што вие направивте и, правејќи го тоа, си ја добивте заслужената казна, ние посакуваме некои други начини да ни се изнесат на неговото место. Дури тогаш ќе го оформиме нашиот став.

Ние сме им цврсто заветувани на овие идеи и, наместо да се расправаме со институциите како што тоа го прават некои, кои создадоа цела филозофија и религија од сопствената нетрпеливост кон тие институции, цврсто сме решени да ја чуваме нашата црква, да ја чуваме монархијата, утврдената аристократија, воспоставената демократија, секоја од нив во оној степен во кој постои.

(...)

Навистина, општеството е еден вид договор. Договорите кои се однесуваат на предмети од помала важност можат да се поништат, во зависност од ситуацијата – но, државата не може да се смета како нешто што е помалку важно од еден обичен договор за партнерство во некаква трговија со бибер и кафе, со памук и тутун, или некоја друга, не многу значајна работа, како договор што се склучува поради мал, привремен интерес и што се раскинува по волја на договорните странки. На државата треба да се гледа со поинакво почитување бидејќи тука не станува збор за партнерски однос во врска со работи кои му се подредуваат само на простото анимално постоење чија природа е привремена и минлива. Државата е партнерство во целата наука, партнерство во сета

уметност, партнерство во секоја доблест и во целото совршенство. Со оглед на тоа што целите на таквото партнерство не можат да се постигнат ниту во текот на повеќе генерации, државата станува партнерство не само со оние кои се живи и со оние кои умреле, туку и со оние кои допрва ќе се родат. Секој договор на секоја поединечна држава претставува само една клаузула во големиот првобитен договор на вечното општество, договор кој ги поврзува нижата и вишата природа, видливиот и невидливиот свет, во согласност со цврстата спогодба потврдена со неповредливата заклетва која го држи, на точно определено место, сето она што е од физичка или од морална природа. Овој закон не и се потчинува на волјата на оние кои се обврзани со повисоката и бескрајно посупериорна должност да му ја потчинат на тој закон нивната сопствена волја. Општинските друштва на тоа универзално кралство ја немаат таа морална слобода, целосно да ги издвојат и да ги раскинат надве врските на нивната подредена заедница и да ја растопат во неопштествен, неграѓански, неповрзан хаос на елементарните принципи, според сопственото задоволство и според сопствените размислувања за некое неизвесно подобрување. Само првата и највисока потреба, потребата која не е избрана, туку самата избира, потребата која е над секое размислување, која не дозволува никаква дискусија и не бара докази, само таа може да го оправда прибегнувањето кон анархија. Оваа потреба не е исклучок од правилото, затоа што и таа самата е, исто така, дел од оној морален

и физички распоред на нештата, на кој човек мора да му се покорува, било доброволно или со сила; но, ако од она, што во суштина е само потчинување на потребата, се направи прашање на избор, тогаш законот ќе биде прекршен, природата ќе биде занемарена, а бунтовниците ќе бидат одметнати од законот, исфрлени и изгонети од овој свет на разумот и поредокот, од светот на мирот и доблеста и плодоносното покајание – во непријателскиот свет на лудилото, неслогата, порокот, конфузијата и на бесполезната тага.

Драг мој Господине, тоа беа, тоа се и, мислам, дека уште долго ќе бидат чувствата на оној доволно образован и мислечки дел од ова Кралство. Оние кои и припаѓаат на оваа категорија ги формираат нивните мислења врз такви основи врз какви што и треба да го прават тоа. Оние, пак, кои не и припаѓаат на оваа категорија и помалку се образовани, и кои провидението ги осудило да живеат од довербата во другите, не треба да се срамат поради тоа што се потпираат врз мислењата на авторитетите. Овие два вида луѓе се движат во истиот правец, но одат кон различни места. И едните и другите се движат во согласност со поредокот на универзумот. Сите тие ја познаваат или ја чувствуваат старата и голема вистина: „Quod illi principi et praeopotenti deo qui omnem hunc mundum regit, nihil eorum quae quidem fiant in terries acceptius quam concilia et coetus homi-

num jure sociati quae civitates appelantur."[16] Тие не го земаат ова начело на главата и на срцето од големото име што го носи тоа во моментот, не го земаат ни од она уште поголемо име од кое произлегува тоа начело, туку она кое единствено може да му даде вистинска тежина и мера на секое учено мислење, на општата природа и на општите релации меѓу луѓето. Тие луѓе се убедени дека сите работи мора да се направат според угледувањето на некој образец и сите ги упатуваат кон она кон што сите и би требало да се стремат. Оттука, тие сметаат дека се обврзани да го обноват сеќавањето на нивното високо потекло и на нивниот род, не само како поединци во светилиштето на своето срце или собрани во лично својство, туку, исто така, и во корпоративно својство да му оддадат национална почит на учителот, на творецот и заштитникот на граѓанското општество. Без него човекот од граѓанското општество не би можел никогаш да го достигне совршенството за кое е способна неговата природа, не би можел дури ни оддалеку и несигурно да му се приближи. Тие луѓе мислат дека Тој кој и даде на нашата природа да се усоврши преку нашата доблест, според својата волја ги определи и неопходните средства за тоа усовршување. Затоа, тој ја определи државата – ја определи нејзината поврзаност со изворот и почетниот образец на сето совршенство. Оние кои веруваат дека е ваква Неговата волја – дека таа е

16 Cicero, De Republica VI, 13: „Дека ништо од она што се случува на земјата не му е подраго на најголемиот и најмоќен бог кој владее со целиот свет од друштвата и собирите на луѓето сврзани со закон – кои се викаат држави".

закон над сите закони и владетел над сите владетели, не можат да сметаат дека е прекорно што ова наше заедничко оддавање почит и нашата верност, нашето признавање на врвната власт – за малку ќе речев: ова принесување на самата држава, како вреден подарок, на високиот олтар на универзалната слава – треба да се изведе онака како што се изведуваат сите јавни свечени чинови, во зградите, со музика, со декорација и говори, со достоинство на личноста, според добрите обичаи на човештвото, научени од самата природа, што значи, со воздржан сјај, скромно, со ненадмена свеченост, со умерена величественост и трезвена помпезност. Тие сметаат дека еден дел од богатството на земјата е за таа цел исто толку корисно употребен, колку што е корисен делот употребен за зголемување на раскошот на поединците. Тоа е јавен украс. Тоа е јавна утеха. Тоа ја храни надежта во општеството. Најсиромашниот човек во тоа ги пронаоѓа својата важност и своето достоинство, додека богатството и гордоста на поединците прават човекот од понизок ранг и со понизок материјален статус во секој миг да биде чувствителен на сопствената инфериорност и да ја понижува и да ја обезвреднува својата состојба. Овој дел од општото богатство на земјата се посветува и се користи точно заради човекот со скромен живот и статус, заради возвишување на неговата природа, за да му се вреже во свест постоењето на држава во која ќе престанат привилегиите на богатството, во која тој ќе биде еднаков со другите според својата природа, и дури, повеќе од еднаков според својата доблест.

Ве уверувам дека мојата цел не е во покажување на посебноста. Ви ги соопштувам мислењата кои меѓу нас се прифатени уште од дамнешни времиња, па сè до овој миг, со постојано и општо одобрување, мислења кои толку силно се втиснати во мојата свест што, едноставно, не можам да разликувам што сум научил од другите, а што е резултат на мојата сопствена медитација.

Мнозинството луѓе во Англија, токму врз основа на таквите принципи, не само што не мислат дека националната верска институција е незаконска, туку, напротив, не можат ни да замислат дека е законски да се биде без неа. Вие во Франција во целост грешите ако не верувате дека ние сме и над сè предани на таа институција, повеќе од сите други нации; дури и тогаш кога овие луѓе се однесуваа будалесто и неоправдано во нејзина корист (што навистина беше случај во неколку наврати), во нивните грешки ќе ја откриете барем нивната жар.

(...)

Со восхит што ја предизвикува националната гордост ви велам: разочарани беа оние меѓу нас кои посакаа да им прават здравици на друштвата во Париз со пехарот на нивните ужаси. Ограбувањето на вашата црква им ја обезбеди сигурноста на поседите на нашата црква. Тоа ги разбуди нашите луѓе. Тие со страв и вознемиреност го гледаат тој ужасен и бесрамен чин на беззаконие. Тој им ги отвори очите

и уште повеќе и повеќе ќе им ги отвора пред тоа себично увеличување на умот и пред тесноградата попустливост на подмолните луѓе кои, почнаа со скриено лицемерие и измама, а завршија со отворено насилство и грабежи. И кај нас дома се забележуваат слични такви почетоци. Но ние внимаваме да дојде до сличен завршеток.

Се надевам дека никогаш нема толку целосно да ја загубиме смислата за должностите што ни се наметнати според законот на општественото единство и, под изговор дека вршиме јавна услуга, да се осмелиме да ги конфискуваме добрата на кој и да било пристоен граѓанин. Кој друг освен тиранинот (зборот го изразува сето тоа што би можело да ја изопачи и да ја понижи човековата природа) може да помисли да ги зграби имотите на луѓето кои не биле обвинети, кои не биле судени и сослушувани, и тоа да го направи со имоти на цели слоеви, на стотици и илјадници луѓе? Само оној кој ја загубил и последната трага на човечноста е способен да ги дотолчи луѓето со високо потекло и со свети должности, дури и кога некои од нив се на возраст која бара почит и сочувство, да ги урне од највисоката позиција во заедницата, позиција на која се нашле поради земјиштата во нивна сопственост, и да ги доведе до состојба на сиромаштија, обесхрабреност и презреност.

Навистина, конфискаторите им доделија малку средства на нивните жртви. Тоа беа парченца и трошки од нивните сопствени трпези од кои тие беа сурово избркани, трпези кои потоа беа богато

распослани за да се нагостат на нив лихварските харпии. Но, да се избркаат луѓето од еден независен живот и да се дотераат до питачки стап само по себе е страшно сурово. Она што може да биде поднослива состојба за луѓето со еден определен животен статус, луѓето кои не се навикнати на други работи, може да стане ужасна революција кога ќе се изменат тие околности. За таа революција, на доблесниот ум ќе му биде болно да ја побара која и да било друга вина, освен онаа што треба да се плати со животот на прекршителот. Но, за многумина казната што ја носат *понижеността* и *срамот* е полоша од смртта. Несомнено, ова сурово страдање бескрајно е отежнато со тоа што личностите кои се научени на двојна пристрасност во однос на религијата – според образованието и според местото што го имале во извршувањето на нејзините функции – принудени да ги добиваат остатоците на нивната сопственост како милостина од профаните и безбожнички раце на оние кои им го ограбија сето останато; да добиваат (ако воопшто добијат), не од милосрдните прилози на верните, туку од безобразната љубезност на знајните и закоравени атеисти – издршка за нивната религија, одмерена според стандардната мера на презирот што тие за неа го негуваат; за да се изопачат и да се обезвреднат во очите на човештвото оние кои ги добиваат средствата.

Но, по сè изгледа дека овој чин на зграбување на имотот е пресуда според закон, а не конфискација. Се чини дека тие во академијата на *Пале Ројал* и *јакобинците* откриле дека некои луѓе немаат право

на имотите што си ги поседувале според законот, според користењето, според одлуките на судовите и според прописите кои се натрупале за илјада години. Тие велат дека свештениците се измислени личности, креатури на државата кои може да бидат уништени ако нив така им се посака, кои може да бидат ограничувани и менувани во секоја ситница. Тие велат дека добрата што свештениците ги поседуваат, всушност, не се нивни туку, напротив, и припаѓаат на државата која ја создала таа измислица и, оттука, ние не треба да се вознемируваме што ќе страдаат нивните природни чувства и нивните личности поради она што им прави со нив во овој нивен конструиран карактер. Какво значење има тоа под кое име ги повредувате луѓето и ги лишувате од чесните приходи на нивната професија, во која можеле да се вложат со дозвола и со поттик на државата, при што, под претпоставената сигурност на тие приходи, си направиле планови за животот, можеби влегле во долгови и повеле многумина во финансиска зависност од нив?

Господине, немојте да помислите дека ќе ги почестам овие бедни ликови со некоја долга расправа. Аргументите на тиранијата се достојни за презир исто толку колку што е страшна нивната сила. Ако вашите конфискатори со своите рани злосторства не се здобиеја со моќ која осигурува заштита за сите други злосторства што тие оттогаш па наваму ги направија, или можат да ги направат, на нивните софизми коишто стануваат соучесници во нивните кражби и убиства, ќе им пресудеше

ударот на џелатот, а не силогизмот на логичарот. Софистичките тирани од Париз се многу гласни во нивните декламации против починатите кралски тирани кои го измачувале светот во претходните епохи. Така, тие се храбри затоа што сега се безбедни од занданите и железните кафези на нивните стари господари. Дали ние ќе бидеме понежни кон тираните на нашето време кога гледаме како пред нашите очи тие создаваат уште пострашни трагедии? Дали и ние ќе ја употребиме истата слобода како и тие, во мигот кога ќе можеме исто така безбедно да ја употребиме, кога, за да ја искажеме чесната вистина, ни е доволен само презирот за мислењата на оние од чии дела сме згрозени?

Ова неконтролирано насилство врз сите права на сопственоста беше најпрвин покриено со она што, во системот на нивното однесување е најзапрепастувачко – изговорот за почитувањето на националната вера. Непријателите на сопственоста најпрвин глумеа најнежна, најделикатна, најобѕирна загриженост за задржувањето на обврските на кралот кон јавниот доверител. Овие професори за правата на човекот се толку зафатени со подучувањето на другите, што воопшто немаат слободно време и самите да научат нешто. Да не беше така, тие ќе знаеја дека првата и почетна одговорност на граѓанското општество и е заветувана на сопственоста на граѓанинот, а не на барањата на доверителите на државата. Правото на граѓанинот е прво во времето, тоа е врховно според правото на сопственост и супериорно во праведноста. Богатствата на поединците, било да се тие самостојно

стекнати, или да се добиени со наследство или, пак, да се создадени преку учество во добрата на некоја заедница, не се дел од сигурносниот влог на доверителот, ниту експлицитно ниту имплицитно. Тие богатства ни на ум не му паднале на доверителот кога ја склучувал оваа зделка. Тој добро знаел дека јавното, било тоа да е претставувано преку монархот или преку сенатот, не може да заложи ништо друго освен јавната сопственост; а никаква јавна сопственост не може да постои, освен во оној случај кога таа произлегува од праведниот и пропорционален данок што е обврска на сите граѓани. На јавниот доверител му е дадено како залог само тоа, затоа што ништо друго и не може да му се даде. Ниту еден човек не може да ја стави под хипотека неговата неправда како залог за верноста.

(...)

Кога сите измами, подметнувања, насилства, грабежи, палежи, убиства, конфискации, обврзници и секој опис на тиранијата и суровоста што се употребени да доведат до оваа револуција и да ја одржат – ќе ја добијат својата природна завршница, кога тие ќе ги шокираат моралните чувства на сите доблесни и трезвени умови – поддржувачите на овој филозофски систем веднаш ќе ги напрегнат грлата со декламација против стариот монархиски систем во Франција. Откако доволно ќе ја оцрнат таа соборена власт, тие сега ќе продолжат со аргументите од типот дека сите оние кои не ги одобруваат нивните

злоупотреби нужно се застапници на старото; и сите оние кои се противат на нивните груби и насилни планови за слободата ги третираат како да се застапници на ропството. Прифаќам дека нивните потреби навистина ги присилиле на една ваква приземна и достојна за презир измама. Ништо не може да ги принуди луѓето да ги прифатат нивните постапки и проекти, освен фактот дека не постои трета опција помеѓу нив и некоја тиранија, поодбивна од сè што познава историјата или, пак, имагинацијата на поетите. Ова нивно дрдорење ни оддалеку не може да се нарече умување. Тоа не е ништо друго освен чиста дрскост. Слушнале ли овие господа некогаш дека во заокружените два света на теоријата и практиката, има и нешто друго помеѓу деспотизмот на монархот и деспотизмот на мнозинството? Дали тие воопшто слушнале за монархија управувана според закони, контролирана и балансирана од големото наследно богатство и од големото наследно достоинство на нацијата, при што, двете се повторно под остроумната контрола на разумот и чувството на сите луѓе, монархија којашто дејствува преку адекватен и постојан орган? Дали тогаш е невозможно да се најде човек кој, без криминални и болни намери и без бедни бесмислици, ќе претпочита таква мешовита и умерена влада наспроти спомнатите два екстрема? Зар постои таков човек кој толку ќе го унижи угледот на својата нација, сметајќи дека таа, лишена од сета мудрост и доблест, при можност да добие таква влада со леснотија, *или, уште подобро, да ја потврди кога веќе ја има*, мислела дека е умесно да се направат

илјада злосторства за да се избегне таа влада? Зар е универзално признаена вистина дека чистата демократија е единствената поднослива форма во која може да се фрли човековото општество и притоа, да му се забрани на човекот да ги преиспитува нејзините вредности, без да биде осомничен дека е пријател на тиранијата, односно, душман на човештвото?

Не знам под која категорија да ја подредам сегашната власт во Франција. Таа се прави како да е чиста демократија, иако јас мислам дека е на вистинскиот пат за кратко време да стане штетна и подмолна олигархија. Но, засега, допуштам дека таа е стапица на природата и резултат од она кон што претендира. Јас не отфрлам ниту една форма на влада заснована само врз апстрактни принципи. Може да постојат ситуации во кои чистата демократска форма станува неопходна. Може да постојат и некои ситуации (само неколку и условени со посебни околности) кога таа би била јасно пожелна. Меѓутоа, јас не мислам дека тоа е случајот со Франција или со која и да било друга голема земја. Сè досега ние немаме видено ниту еден пример на значајна демократија. Старите генерации беа подобро запознаени со нив. Иако сум се запознал со делата на авторите кои виделе најголем број на овие устави и кои најдобро ги разбрале, не можам, а да не се согласам со нивното мислење дека ни апсолутната демократија, ни апсолутната монархија, не треба да се сметаат за легитимни форми на владеење. Тие сметаат дека тоа повеќе е корупција и дегенерација,

а не цврсто уредување на републиката. Ако добро се сеќавам, Аристотел смета дека демократијата има многу уочливи точки на сличност со тиранијата. Во таа смисла, сигурен сум дека во демократијата, мнозинството граѓани се способни да изведуваат најсурово угнетување врз малцинството, секогаш кога силни поделби превладуваат во таквиот вид политичко уредување, што честопати се случува. Сигурен сум и дека угнетувањето на малцинството ќе се прошири на многу поголем број луѓе и дека и ќе се извршува со гнев, многу поголем од оној што би можел воопшто да се очекува од власта на еден крал. Изложени на таквиот народен прогон, поединците кои страдаат се наоѓаат во многу пожална ситуација отколку во која и да било друга пригода. Ако се под власта на некој суров принц, тие го имаат лековитото сочувство на другите кое барем го ублажува печењето на нивните рани; тие го имаат одобрувањето на луѓето кое ја оживува нивната возвишена издржливост пред страдањето. Но затоа, оние кои и се потчинети на неправдата нанесена од мнозинството, сосема се лишени од секаква надворешна утеха. Нив како да ги напуштило целото човештво, како да ги поразила заверата на целиот нивни род.

(...)

Знам колку е лесно човек да се занимава со грешките на некоја величина која заминала. Преку револуцијата во државата, вчерашните ништожници се претворија во сегашни строги критичари. Но,

постојаните и независни умови, кога размислуваат за едно толку сериозно прашање за човештвото, како што е владата, нема да ги земат предвид сатиричарите и паролашите, зашто тие се достојни за презир. Тие умови ќе ги просудуваат човековите институции онака како што ги просудуваат човековите карактери. Тие ќе го издвојат доброто од лошото што е измешано во смртните институции, како што е измешано во смртните луѓе.

Во вашата влада во Франција – иако, вообичаено, а според моето мислење, и правично, ја имаше репутацијата како најдобра од неограничените или лошо ограничените монархии – сепак, имаше многу злоупотреби. Овие злоупотреби се насобраа со текот на времето, како што мора да се случи во секоја монархија која не се наоѓа под постојана проверка на народните претставници. Јас ги познавам грешките и дефектите на соборената влада во Франција и мислам дека не сум склон ни според природата ни според својата определба, да изнесувам фалби за нешто што треба да се подложи на критика според природата и правото. Но, сега не станува збор за пороците на таа монархија, туку за нејзиното постоење. Дали е вистина дека француската влада беше сосема неспособна и не заслужуваше реформи, па стана неопходно целото здание да се урне во пепел и целата област да се расчисти за да се подигне ново, теоретско и експериментално здание на нејзиното место? Цела Франција имаше спротивно мислење во почетокот на 1789 година. Инструкциите што ги добиваа претставниците на *Собраниеӣо на сӣалежиӣе* од

сите области на Кралството беа полни со проекти за реформирање на таа влада и таму немаше ниту најдалечна сугестија за тоа дека постои план таа да се уништи. Дури и некој таков план да беше само оддалеку сугериран, верувам дека ќе се најдеше само еден глас – гласот кој ќе го отфрлеше со презир и ужас. Луѓето се поведуваат, понекогаш чекор по чекор, а понекогаш одеднаш, во работи на кои, ако тие успеале да ја видат нивната цела слика одеднаш, никогаш не би си дозволиле да им се приближат. Кога се дадени спомнатите инструкции, немаше никакво сомнение дека злоупотреби навистина постоеле и дека тие бараат реформи. За тоа нема никакво сомнение ни сега. Во временскиот интервал помеѓу тие инструкции и револуцијата работите го променија својот облик и како последица на таа промена, вистинското прашање во сегашниот миг е: Дали се во право оние кои сакаа да реформираат, или оние кои уништија сѐ?

Кога слушате како луѓето зборуваат за некогашната француска монархија, ќе помислите дека тие, всушност, зборуваат за Персија која крвави под страшната сабја на Тахмас Кули Кан, или дека, во најмала мера, го опишуваат варварскиот анархичен деспотизам на Турција, каде што најубавите земји со најпрекрасната клима на светот се опустошени во мир повеќе отколку која и да било друга земја која била зафатена со војна; земји во кои уметностите се непознати, каде што занаетите изумираат, каде што науката е згасната, земјоделството се распаѓа, земји во кои и самата човечка раса се претопува и исчезнува

пред окото на посматрачот. Дали беше ваков случајот со Франција? Јас немам друг начин да одговорам на ова прашање освен ако не се потпрам на фактите. Но, фактите не ја поддржуваат ваквата сличност. Заедно со сето зло, сепак има и нешто добро во монархијата. Во француската монархија сигурно имаше некој коректив за злото во нејзината религија, во законите, во манирите и различните мислења што ја прикажа (иако таа никако немаше ниту слободно ниту добро уставно уредување) повеќе како деспотска држава, од она што беше таа во реалноста.

(...)

Повторно разгледав што е направено од владејачката структура во Франција. Секако, за неа зборував сосема слободно. Оние чиј принцип е да ја презираат старата и трајна мисла за човештвото и да ги поставуваат плановите за општеството врз основа на нови принципи, природно, мораат да очекуваат дека оние меѓу нас кои мислат подобро за просудувањето на човечката раса отколку за нивното просудување, ќе ги сметаат и нив и нивните пронајдоци, како луѓе и планови што се ставени на проба. Тие мора да го прифатат тоа здраво за готово дека ние му придаваме големо внимание на нивниот разум, но воопшто никакво внимание не му придаваме на нивниот авторитет. Не може да се најде ниту една од големите и влијателни предрасуди на човештвото која би зборувала во нивна корист. Тие ја признаваат нивната нетрпеливост кон јавното мислење. Оттука,

се разбира дека тие не смеат да очекуваат никаква поддршка од влијанието на јавното мислење кое, како и секој друг авторитет, го имаат симнато од седиштето на неговата јурисдикција.

Никогаш нема да помислам дека ова Собрание е нешто поинакво од обично доброволно здружение на луѓе кои само ги искористиле околностите да ја зграбат власта во државата. Тие луѓе ги немаат потврдата и авторитетот на својството под чија светлина првпат се состанаа. Тие се изродија во нешто сосема различно и наполно ги изменија и ги пресвртија сите односи во кои застанаа на почетокот. Тие не ја држат власта што сакаат да ја спроведуваат и таа нема основа во ниту еден уставен закон на државата. Тие наполно се разминаа со инструкциите на народот од кој беа испратени, а тие упатства беа единствениот извор на нивниот авторитет, со оглед на тоа што Собранието не можеше да дејствува врз основа на некои стари обичаи или уредени закони. Нивните најзначајни акти не беа донесени со големо мнозинство и во таквиот вид на тесни делби, кои го имаат само исконструираниот авторитет на целоста, сите отстрана ќе ги разгледуваат причините и решенијата.

Ако тие ја поставеа оваа нова, експериментална влада како неопходна замена за истераната тиранија, човештвото ќе можеше да го предвиди времето на лекувањето, кое, преку долгата употреба на лекот, владите што биле насилни во нивните почетоци, ги ублажува и ги претвора во легални. Сите оние кои сакаат да го чуваат граѓанскиот ред ќе

го признаат детето како легитимно уште во неговата лулка, зашто тоа е создадено од оние принципи на убедливата целисходност на кои сите праведни влади им го должат своето раѓање, и со кои го оправдуваат своето постоење и продолжување. Но, тие ќе доцнат и нема да сакаат да дадат никаков вид поддршка за функционирањето на власта која не произлегува од ниту еден закон или, пак, нужност; власт која, напротив, своето потекло им го должи на оние пороци и злокобни практики кои честопати му пречат, а понекогаш и го уништуваат единството на општеството. Ова Собрание опстојува одвај една година. Ние го имаме нивниот сопствен збор за тоа дека тие направиле револуција. Да се направи револуција – тоа е мерка која, *prima fronte*, бара извинување. Да се направи револуција значи да се поткопа старата држава во земјата, а да не се наведат никакви заеднички причини кои би го оправдале таквото насилно дејствување. Умот на човештвото нè овластува да го испитаме начинот на преземањето на власта и да го критикуваме начинот на кој се употребува таа; и тоа да го направиме со помалку стравопочититување од она што обично му го доделуваме на зацврстениот и признаен авторитет.

Во добивањето и во обезбедувањето на својата моќ Собранието продолжува понатаму според принципи кои се во целосна спротивност од оние според кои само навидум тие се раководат во употребата на таа моќ. Една опсервација на оваа разлика ќе нè внесе во вистинскиот дух на нивното однесување. Сè што направија тие или што продолжуваат и понатаму

да прават за да ја добијат и за да ја задржат својата власт, спаѓа во највообичаените вештини. Тие продолжуваат да работат на истиот начин кој беше карактеристичен за нивните амбициозни предци. Следете ја нивната трага на лукавштини, измами и насилства и нема да најдете ништо што би било ново. Тие ги следат своите предци и стари примери со ситничавата точност на еден застапник. Тие никогаш не отстапуваат ни за јота од автентичните формули на тиранијата и узурпацијата. Но, духот на сите прописи што се однесуваат на јавното добро е сосема спротивен од сево ова. Таму, тие и ја предаваат целоста на милоста на неиспробани шпекулации; таму, тие им ги препуштаат најсуштинските интереси на јавноста на некакви слободни теории на кои ниту еден од нив не би одбрал да им ги довери ни своите најситни приватни интереси. Тие ја прават оваа разлика, бидејќи, во нивната желба да ја добијат и да ја задржат власта тие се сосема сериозни; тука тие патуваат по истапкан пат. Тие му ги препуштаат на случајот јавните интереси бидејќи за нив немаат никаква реална загриженост. Велам, на случајот, затоа што нивните планови не можат да се повикаат на никакво искуство кое би ги покажало придобивките на нивните настојувања.

Ние мораме секогаш да гледаме со жалење, но не и без почитување, на грешките на луѓето кои се срамежливи и колебливи во поглед на оние нешта кои се важни за среќата на човештвото. Но, кај овие господа нема ниту трошка од нежната загриженост на родителот којшто се плаши да го исече своето

дете заради експеримент. Неизмерноста на нивните ветувања и доверливоста на нивните претскажувања се далеку над секое галантно фалбаџиство. Ароганцијата на нивните претензии на извесен начин нè провоцира и нè предизвикува да ги преиспитаме нивните основи.

Убеден сум дека меѓу народните водачи во Националното собрание има луѓе кои имаат значајна улога. Некои од нив покажуваат елоквенција во нивните говори и во нивното пишување. Ова е невозможно ако се нема навистина голем и култивиран талент. Но, речитоста може да постои и без соодветен степен на мудрост. Кога зборувам за способност, должен сум да правам разлика. Она што го направија за да го поддржат својот систем укажува дека тие не се обични луѓе. Признавам дека не сум способен – во самиот тој систем, замислен според планот на република, сфатена како нешто што е изградено за да им обезбеди просперитет и сигурност на граѓаните и за да ја промовира силата и големината на државата – да најдам нешто што барем во еден единствен пример би укажало дека е тоа дело на еден сеопфатен и разумен ум или, дури, придонес на простата внимателност. Се чини дека нивната намера секаде била да избегнат и да се извлечат од секаква тешкотија. Во што била славата на големите мајстори на сите науки? Токму во тоа, да се соочат со тешкотијата и да ја надминат; а кога ќе ја победеле првата тешкотија, тие ја претворале во средство за совладување нови тешкотии. Така успевале да го прошират царството на нивната наука,

да отидат и подалеку, излегувајќи надвор од досегот на нивните почетни мисли и од границите на самото човеково сфаќање. Тешкотијата е строг учител што ни е доделен со врховна заповед на родителскиот чувар и законодавец; тој нè сака повеќе и нè познава подобро отколку што се познаваме самите себе си. *Pater ipse colendi Haud facilem esse viam voluit*.[17] Тој што се бори со нас ги зацврстува нашите нерви и ја изострува нашата вештина. Нашиот противник е наш помагач. Овој пријателски конфликт со тешкотијата нè обврзува интимно да го запознаеме нашиот објект и нè присилува да ги разгледаме сите негови аспекти. Не смееме да си дозволиме да бидеме површни. На многу страни во светот се создадоа влади со арбитрарна власт поради недостигот на нерви за разбирање на доделената задача, поради изопачената склоност кон лажни заобиколувања и способноста за ситни итроштини. Сето тоа доведе до создавањето на претходната самоволна монархија во Франција. Сето тоа доведе и до создавање на самоволната Париска Република. Недостигот на мудрост во двата случаја беше заменет со изобилство на сила. Тие не добија ништо со тоа. Со оглед на тоа што со површност и мрзеливост ја почнаа својата работа, ги стаса судбината на површните и мрзеливите. Тешкотиите што повеќе сакаа да ги заобиколат отколку да ги решаваат, не само што повторно им се појавија на патот, туку се намножија и им натежнаа. Така, тие се најдоа во лавиринтот

17 „Јупитер самиот одлучил патот на селанецот да не биде лесен." Познат стих од *Георгики* на Вергилиј.

на замрсените неважни подробности, изгубени во бесполезен труд, и без никаков правец во тоа што го прават. Затоа сета нивна работа е слаба, нечовечна и неодговорна.

Токму оваа неспособност да се справат со тешкотијата го принуди самоволното Собрание на Франција да ги почне плановите за реформи со аболиција и со целосно уништување. Но дали умеењето се покажува со уништување и уривање? Вашата толпа може да го направи тоа барем исто толку добро колку и вашите собранија. Најплиткото разбирање и најгрубата рака се повеќе од достојни за една таква задача. Бесот и лудилото ќе урнат за половина час повеќе отколку што можат за стотина години да изградат разумноста, промислувањето и предвидувањето. Грешките и недостатоците на старите установи се видливи и опипливи. Само мала способност е потребна за да се укаже на нив, а таму каде што постои апсолутната власт, потребен е само еден збор за да се укине целосно и недостатокот заедно со установите. Истиот мрзелив, но немирен карактер кој ја сака мрзеливоста, а го мрази мирот, ги води овие политичари, кога почнуваат да работат за да го пополнат местото на она што го уништиле. Да се направи обратното од сè што виделе е исто толку лесно колку што е лесно тоа да се уништи. Не можат да се појават тешкотии онаму каде што не постоеле никакви обиди. Критиката, всушност, не е способна да ги открие недостатоците кај она што никогаш и не постоело, а ревносниот ентузијазам и лажната надеж го имаат целото широко поле на имагинацијата каде

што можат да дејствуваат и да не доживеат ни најмал отпор.

Сосема друга работа е кога се чува старото и во исто време се реформира. Кога постои потреба да се чуваат корисните делови од старото уредување и кога она што е додадено се вклопува во она што се зачувало, неопходни се: енергичен ум, стабилно и постојано внимание, различни моќи на споредување и комбинирање и способности за целисходно разбирање. Сето тоа треба да се употреби во постојаниот судир со здружените сили на спротивставените пороци; со тврдоглавоста која наполно го отфрла подобрувањето; со лекомисленоста која е преморена и згадена од сѐ што има. Но, вие можеби ќе приговорите: „Еден процес од ваков тип е многу бавен. Тој не е погоден за едно собрание кое се гордее со тоа што во неколку месеци завршило вековна работа. Таков начин на реформирање би можел да трае многу години.“ Се разбира дека би можел да трае толку, а впрочем, така и би требало да биде. Тоа е едно од обележјата на методот каде што времето се вбројува меѓу помошниците, односно, работи бавно и во некои случаи, речиси незабележливо. Ако претпазливоста и внимателноста се дел од мудроста, во случај кога работиме со неживи нешта, секако дека тие стануваат дел од должноста, кога предметот на нашето уривање и изградба не се тулата и дрвото, туку суштества кои чувствуваат. Според тоа, ако ним ненадејно им се изменат состојбата, условите и навиките, многумина може да станат несреќни.

Но, се чини дека во Париз преовладува мислењето оти срцето што не чувствува и самодовербата што не се сомнева се единствените квалификации на совршениот законодавец. Моите идеи за таа висока функција се сосема различни. Вистинскиот законодавец би требало да има чувствително срце. Тој би требало да го сака и да го почитува својот род и да се плаши од себеси. На неговиот темперамент може да му се дозволи интуитивно и на прв поглед да ја дофати својата крајна цел; но тој мора внимателно да се движи кон неа. Со оглед на тоа што политичката спогодба има општествени цели, таа треба да се искове со општествени средства. Тука еден ум мора да се здружи со друг ум. За да се создаде тоа единство на умови, потребно е време кое единствено може да го произведе сето добро кон кое се стремиме. Со нашето трпение ќе постигнеме повеќе отколку со нашата сила. Ако се осмелам да се повикам на нешто што во Париз е веќе надвор од модата – притоа, мислам на искуството – би ви рекол дека во животот сум запознал и сум соработувал, во рамките на својот сопствен статус, со големи луѓе. Сѐ уште не сум видел некој план кој не бил поправан со забелешките на оние кои многу помалку ја разбирале работата од онаа личност која имала водечка улога во неговата подготовка. Во бавното, но одржливо напредување се гледа ефектот од секој чекор. Добриот или лошиот успех од првиот чекор ни го осветлува вториот и така, од светлина до светлина ние сме безбедно водени низ целиот циклус. Ние се грижиме деловите на системот да не дојдат во судир. Притаените зла

што се криjат во планови кои ветуваат најмногу ги отстрануваме веднаш штом ќе се појават. Се трудиме, колку што може помалку една предност да и ја жртвуваме на некоја друга. Ние компензираме, помируваме, одржуваме рамнотежа. Способни сме да ги обединиме во цврста целост различните неправилности и компетитивните принципи кои можат да се најдат во умовите и во преокупациите на луѓето. Оттука не произлегува совршенството во едноставноста, туку - нешто што е уште посупериорно – совршенството во композицијата. Таму каде што станува збор за големите интереси на човештвото низ една долга редица генерации, на тие генерации треба да им се дозволи да имаат удел во плановите кои толку длабоко ќе влијаат врз нив. Ако ова го бара правдата, тогаш самата работа бара помош од повеќе умови од оние што може да ги даде еден период. Токму од оваа гледна точка, најдобрите законодавци беа честопати задоволни со востановувањето на сигурен, цврст и раководечки принцип во владата. Таквата власт некои филозофи ја нарекоа пластична природа па, откако го утврдија принципот, го оставија потоа самиот да дејствува.

Да се продолжи на ваков начин, тоа, за мене, значи да се продолжи работата врз основа на еден претседавачки принцип и со продуктивна енергија, што е вистинскиот критериум на длабоката мудрост. Она што вашите политичари го сметаат за обележје на храбриот и силниот гениј се само докази за жалосниот недостиг на способност. Со нивното насилно брзање и со нивното спротивставување на

природниот процес, тие слепо им се препуштаат на секој планер и авантурист, на секој алхемичар и шарлатан. Тие очајнички се трудат сѐ што е обично да го претворат во своја корист. Умерената исхрана не значи ништо во нивниот систем на лекување. Најлошо од сѐ е што ова нивно очајничко настојување да се лекуваат заедничките болести со регуларни методи не произлегува од грешката во разбирањето, туку, се плашам, од нивниот малиген карактер. Ми се чини дека вашите законодавци ги создале своите мислења за сите професии, слоеви и функции од декламациите и од шегите на сатиричарите кои, и самите би биле стаписани кога би виделе дека некој ги сфаќа буквално нивните описи. Слушајќи ги само ваквите луѓе, вашите водачи ги гледаат сите нешта само од перспективата на нивните пороци и грешки и воедно, ги посматраат тие пороци и грешки низ лупата на претерувањето. Точно е без сомнение, иако може да звучи парадоксално, дека општо земено, оние кои вообичаено се ангажирани во барањето и покажувањето на грешките, не се квалификувани за спроведување реформи: не само што нивните умови немаат никакви обрасци за она што е праведно и добро туку, по навика, тие и не наоѓаат никакво задоволство во размислувањето за овие нешта. Премногу мразејќи го злото тие стасале дотаму што престанале да ги сакаат луѓето. Оттука, не е ништо чудно што се нерасположени и неспособни да им служат на тие луѓе. Оттука се појавува и потребата

во карактерот на некои од вашите водачи сѐ да раскршат на парчиња. Во оваа злобна игра тие ја покажуваат целоста на нивната *quadrimanous*[18] активност. Што се однесува на другото, парадоксите на елоквентните писатели, што се изнесени чисто како шега на фантазијата и служат за да се проверат талентите, за да се привлече внимание и да се предизвика изненадување – овие господа не ги употребуваат во духот на нивната оригиналност и како средства за култивирање на нивниот вкус или подобрување на нивниот стил. Напротив, за нив тие парадокси станувaат сериозна основа за акција и потпирајќи се на нив, тие постапуваат во процесот на уредување на најважните проблеми на државата. Кикерон на смешен начин опишува како Катон настојува да дејствува во заедницата врз основа на школските парадокси кои служат за да се вежба луцидноста на помладите студенти по стоичка филозофија. Ако тоа било точно за Катон, тогаш овие господа го имитираат на начинот на кој тоа би го правеле некои личности кои живееле во тоа време – *pede nudo Catonem*.[19] Господинот Хјум ми кажа дека од самиот Русо ја дознал тајната на неговите принципи на композицијата. Тој остар и ексцентричен посматрач забележал дека за да се шокира и да се заинтересира публиката, мора да се произведе чудесното; дека чудесното во паганската

18 „Четворорака“, авторот веројатно алудира на „мајмунска“ активност.

19 „Катон со боси нозе“ (Хоратиј, *Епистоли*, I, 19). Се вели дека Катон одел бос, како филозофите, а будалите го правеле истото, сакајќи да се претставаат како да се Катон.

митологија одамна веќе го има изгубено својот ефект; дека џиновите, маѓепсниците, самовилите и хероите на романтичниот период, што следуваше, веќе го беа исцрпеле оној дел од верувањето што припаѓал на нивното време; дека сега ништо не му преостанало на писателот, освен оној вид на чудесното кој сè уште би можел да се произведе, и со исто така голем ефект како некогаш, иако на различен начин; а тоа е – чудесното во животот, во манирите, во карактерите и во необичните, исклучителните ситуации, што раѓа нови и неочекувани удари во политиката и моралот. Верувам дека ако беше Русо жив и во еден од своите луцидни интервали, ќе беше шокиран од практичното лудило на своите студенти кои, во нивните парадокси, се само сервилни имитатори кои, дури и во своето неверување откриваат имплицитна вера.

(...)

Старите установи можат да се тестираат според нивните резултати. Ако луѓето се среќни, обединети, богати и силни, ние можеме да го претпоставиме другото. Заклучуваме дека е добро она од каде што само доброто произлегува. Старите установи успеаја да пронајдат различни корекции за сопствените отстапувања од теоријата. Навистина, тие корекции се резултати од различни нужности и итни потреби. Честопати, тие не се создадени врз основа на определена теорија туку теориите се извлечени од нив. Во нив ние често можеме да видиме дека целта

е најефикасно постигната таму каде што средствата не се совршено приспособени на она што ни се чини дека е првичниот план. Средствата на кои нѐ учи искуството може да се подобро приспособени на политичките цели, отколку оние што се сковани заедно со првичниот план. Тие, пак, реагираат на примитивното уредување и, понекогаш, го подобруваат и самиот план од којшто, навидум, се оддалечуваат. Мислам дека сево ова може да биде убаво покажано врз основа на примерот на британското уредување. Во најлошиот можен случај, грешките и девијациите на секој вид пресметување може да се најдат и да се пребројат и бродот да продолжи да плови по својот тек. Ова е случајот со старите установи: но во новиот систем, кој е само теориски, се очекува дека ќе се појават секакви итроштини за да се одговори на неговата цел; и тоа, особено онаму каде што оние кои планираат на никаков начин, не се загрижени поради задачата да му го приспособат новото на старото здание, било да се во прашање неговите ѕидови или неговите темели.

Француските градители отстранија сè што најдоа, едноставно како да е во прашање смет и, како и нивните дворски градинари, сè доведоа на едно исто рамниште. Оттука, тие предлагаат целото локално и општо законодавство да се потпре врз три основи од три различни вида: геометриска, аритметичка и финансиска, при што, првата ја нарекуваат *основа на територијата*, втората, *основа на популацијата* и третата, *основа на придонесот*. За достигнување на првата од овие три цели, тие го делат подрачјето

на нивната земја на осумдесет и три парчиња, во принцип, со форма на квадрати, од кои секое има осумнаесет лиги[20] широчина и осумнаесет лиги должина. Овие големи делови се викаат *дейаршмани*. Понатаму, овие департмани се делат, повторно со квадратно мерење, во седумстотини и дваесет помали делови кои се наречени *комуни*. Комуните повторно се делат, според истиот принцип на квадратно мерење, во помали области кои се викаат *каншони*, а нив ги има вкупно 6.400.

На прв поглед, оваа нивна геометриска основа не ве предизвикува ниту на критика ниту, пак, на воодушевување. За вакво нешто не е потребен некој голем законодавен талент. Сè што треба за еден ваков план е само еден геометар со неговиот синџир, дурбин и теодолит. Во старите разграничувања на земјата, границите ги определувале различните случувања во различни времиња, промените во владението на земјата и во надлежностите врз неа. Несомнено, овие граници не биле исцртувани според некој цврст систем. Тие предизвикувале и определени проблеми, но за нив практиката пронашла лек, а навиката обезбедила помош и стрпливост. Овој нов плочник на квадрати во квадрати, и оваа организација и полуорганизација направени врз основа на системите на Емпедокле и Буфон, а не според некој политички принцип, не може, а да не предизвика неброени локални проблеми на кои луѓето не се навикнати. Но, сепак, ова ќе го прескокнам, бидејќи

20 Сите критичари на Берк велат дека ова не е точно бидејќи границите на департманите не биле геометриски исцртани.

немам прецизни знаења за земјата и според тоа, не можам попрецизно да ги одредам тие проблеми.

Кога овие државни геометри дојдоа да фрлат поглед врз резултатите од нивните мерења, набргу открија дека во политиката, најлажливото од сите нешта е геометриското прикажување. Тогаш тие најдоа прибежиште во една друга основа (или, попрво, потпирка) за да ја поткрепат зградата која се клатеше на тие лажни темели. Очигледно беше дека квалитетот на почвата, бројот на луѓето, нивното богатство и големината на нивните придонеси, создадоа такви бесконечни варијации од квадрат до квадрат, правејќи го премерувањето смешен репер за моќта во заедницата, а геометриската еднаквост – најголема нееднаквост во распределбата на луѓето. Меѓутоа, тие не можеа да се откажат од тоа. Откако го поделија нивното граѓанско и политичко застапување на три дела, еден од овие делови го определија за квадратното мерење, без да постои каков и да било факт или пресметка според која би утврдиле дали оваа територијална пропорционалност на застапувањето е правично направена и според кој принцип таа навистина би требало да биде една третина. Меѓутоа, кога веќе на геометријата и го дадоа овој дел (една третина што ја наследува вдовицата), претпоставувам дека во знак на почит кон оваа возвишена наука, ги оставија другите два дела меѓу себе да се борат за преостанатите делови (двете третини), популацијата и придонесот.

Кога дојде време да му се обезбедат услови на населението, тие не беа во можност да продолжат

на толку лессен начин како што тоа го направија во областа на нивната геометрија. Тука се покажа дека нивната аритметика ја условува нивната правна метафизика. Ако се придржуваа за нивните метафизички принципи, аритметичкиот процес ќе беше навистина едноставен. За нив, луѓето се целосно еднакви и имааат еднакви права во својата влада. Според овој систем, секоја глава би имала свој глас, а секој човек би гласал непосредно за онаа личност која ќе го претставува во собранието. „Но полека – со правилни чекори, сè уште не“.[21] Овој метафизички принцип пред кој отстапуваат правото, обичајот, употребата, политиката и разумот, и самиот ќе отстапи пред нивните желби. Мора да постојат многу чекори и неколку етапи, пред да може претставникот да дојде во допир до своите избирачи. Навистина, како што ќе видиме наскоро, овие две личности нема да имаат никакво општење една со друга. Најнапред, гласачите во *кантонот,* коишто го сочинуваат она што се нарекува *примарно собрание*, треба да го исполнат цензусот. Што! Цензус за неодбранливите права на човекот? Да, но тоа ќе биде многу мал цензус. Нашата неправда нема да биде многу голема: таа ќе изнесува три дена јавна работа според локалната процена. Но ова не е многу, подготвен сум да признаам, за сè друго освен за целосно поткопување на вашиот принцип на еднаквост. Како услов него можеме и да го оставиме настрана, затоа што тој не одговара на ниту една од намерите заради

21 Исказ преземен од Александар Поуп, поет и моралист од XVIII век, Alexander Pope, *Moral Essays*, IV, 129.

кои се востановени условите. Додека, пак, според вашите идеи, тој го исклучува од гласање токму оној човек на чија природна еднаквост најмногу и треба заштита и одбрана. Овде мислам на човекот кој нема ништо друго за да го заштити, освен неговата природна еднаквост. Вие, всушност, му наредувате на тој човек да го купи правото, за кое претходно сте му кажале дека природата великодушно му го подарила при неговото раѓање и дека ниту една власт на Земјава не може законски да му го одземе. Во однос на оние луѓе кои не можат да се појават на вашиот пазар, вие, уште на самиот почеток ја зацврстувате позицијата на тиранската аристократија против нив, иако тврдите дека сте нејзини заколнати душмани.

Градацијата продолжува понатаму. Овие примарни собранија на кантонот избираат пратеници за *комуната*, по еден на двесте квалификувани жители. Тука го гледаме првиот посредник поставен меѓу примарниот избирач и претставничкото законодавно тело; вака е отворен уште еден нов пат за оданочување на правата на човекот со втор услов, бидејќи никој не може да биде избран во *комуната* без претходно да го плати износот во вредност од десетдневна јавна работа. Сè уште не сме завршиле. Постои уште една градација. Овие општински претставници, избрани од *кантоните*, ги избираат претставниците на *департманите*; понатаму, пратениците на департманите ги бираат нивните претставници во *Националното собрание*. Овде се гледа третата бариера на бесмислениот ценз. Секој пратеник во Националното собрание мора да плати

вредност од *една сребрена марка* како директен придонес. Ние мораме да мислиме исто за сите овие бариери што ги поставува цензусот, затоа што тие не се способни да осигураат независност туку напротив – силни се само во уништувањето на правата на човекот.

Во целиот овој процес кој во своите базични елементи глуми дека води сметка само за *населението* врз основа на принципот на природното право, всушност, постои јасно изразена грижа насочена кон *сопственоста* која, колку и да е оправдана и разумна во други шеми, совршено е неодржлива во нивната шема.

Кога ќе се погледне нивната трета основа, *придонесот*, станува јасно дека тие сосема ги изгубиле од предвид правата на човекот за кои зборуваат. Оваа последна основа *целосно* се потпира врз сопственоста. На овој начин се легитимира еден принцип кој е сосема различен од принципот на еднаквост на луѓето и крајно непомирлив со него. Но, само што е тој принцип легитимиран, веднаш е (како и обично) поткопан, и тоа (како што ќе видиме) не на начин кој ќе ја приближи нееднаквоста на богатствата до природното ниво. Дополнителниот удел во третиот дел на претставувањето (дел исклучиво резервиран за повисоките придонеси) е направен на тој начин што се однесува само на областа, а не и на индивидуалците кои го плаќаат придонесот. Лесно се забележува, според текот на нивното просудување, колку им создавале непријатности контрадикторните идеи за правата на човекот и за привилегиите на богатите.

Уставниот комитет прави онолку добро колку што признава дека тие идеи се целосно непомирливи. „Врската, во однос на придонесот, без сомнение е ништожна, (велат тие) кога се одмерува рамнотежата на политичките права меѓу поединците, зашто *со тоа ќе биде уништена личната еднаквост*, и ќе биде востановена *аристократијата на богатите*. Но оваа нелагодност потполно исчезнува кога се зема предвид само пропорционалниот однос на придонесот *во големите маси* и тоа единствено помеѓу една и друга провинција; во таков случај, тој служи само да се создаде праведна реципрочна пропорција помеѓу градовите, без да се загрозат персоналните права на граѓаните“.

Тука, принципот на *придонес*, поставен во односот помеѓу луѓето, се деградира како ништожен и разорен во однос на еднаквоста; а, освен тоа, тој е и опасен, зашто води кон востановување на *аристократијата на богатите*. Меѓутоа, тој, сепак, не треба да се напушти. И начинот на кој ќе се ослободиме од тешкотијата е да ја воспоставиме нееднаквоста помеѓу два департмана, оставајќи ги сите поединци во секој департман во целосна еднаквост. Може да се забележи дека паритетот меѓу поединците беше уништен претходно, кога се востанови цензусот внатре во департманите; и се чини дека воопшто не е важно дали еднаквоста на луѓето ќе биде повредена масовно или индивидуално. Единката нема иста важност во масата која ја претставуваат неколкумина, каква што има во масата која ја претставуваат многумина. Премногу би било

да му се каже на човекот кој е љубоморен на својата еднаквост, дека бирачот кој може да гласа за три претставници има исто право како и оној што гласа за десетмина.

Сега, да видиме како изгледа тоа од друга гледна точка и да претпоставиме дека нивниот принцип на претставување според придонесот, односно, според богатството, е добро замислен и дека е неопходна основа за нивната република. Во оваа нивна трета основа, тие прифаќаат дека богатството треба да биде почитувано, и дека правдата и политиката бараат луѓето, на еден или на друг начин, да добијат право на поголемо учество во управувањето со јавните работи. Сега ќе видиме како собранието ја обезбедува супериорноста или, дури, сигурноста на богатите со тоа што и доделува, врз основа на нивното богатство, поголема власт на нивната област, додека ним лично истата им ја ускратува. Подготвен сум да признаам (всушност, би требало тоа да го поставам како базичен принцип) дека во една републиканска влада која има демократска основа, богатите навистина бараат дополнителна сигурност, поголема од онаа која им е потребна во монархиите. Тие се предмет на завист и преку зависта, стануваат и предмет на угнетување. Според постојниот план, невозможно е да се одгатне каква корист тие извлекуваат од аристократското првенство врз кое се темели нееднаквото претставување на масите. Богатите не можат да ја почувствуваат, ни како поддршка на нивното достоинство ни како сигурност за нивното богатство; затоа што аристократската маса се создава

на чисто демократски принципи, и надмоќноста што и се дава во општата застапеност не се повикува на поврзаноста со оние личности чијашто сопственост, всушност, ја обезбедува супериорноста во масите. Ако творците на овој план мислеле да им дадат некој вид предност на богатите поради нивниот придонес, тие требало да им ја доделат таа привилегија или на богатите поединци, или на некоја класа формирана од богати луѓе (како што правел Сервиј Тулиј во времето на раното Римско царство, според сведоштвата на историчарите); затоа што борбата меѓу богатите и сиромашните не е борба меѓу едно и друго здружение туку борба меѓу човек и човек; тоа не е борба помеѓу области туку помеѓу сталежи. Таа шема подобро би и одговорила на својата цел кога би била ставена во обратна перспектива: кога гласовите на масите би се направиле еднакви и кога гласовите во рамките на секоја маса би биле пропорционални со сопственоста.

(...)

Ефектите од неспособноста која ја покажаа народните водачи во сите големи делови на општествената заедница треба да ги покрие со името што предизвикува сеопшто покајание – слободата. Навистина, гледам дека кај некои луѓе постои голема слобода, но кај многу други, ако не и кај повеќето, може да се препознае репресијата и понижувањето. Но што е слободата без мудрост и без доблест? Таа е најголемото од сите можни зла, затоа што, без надзор

и контрола, таа е, всушност, глупост, порок и лудило. Оние кои знаат што е моралната слобода, не можат да поднесат да ја гледаат истата како е посрамотена од неспособните умови, само заради тоа што сакаат да употребуваат високопарни зборови. Сосема сум сигурен во тоа дека не ги презирам големите и раскошни чувства за слободата. Тие ни ги греат срцата, тие ни ги прошируваат и ни ги ослободуваат умовите, тие ја поттикнуваат нашата храброст во време на судири. Дури и во овие моиве доцни години, со задоволство ги читам вознесените стихови на Лукан и на Корнеј. Не ги осудувам целосно ни малите вештини и средствата на популарноста. Тие го олеснуваат досегнувањето на многу мигновени цели; тие ги држат луѓето заедно, тие го освежуваат умот во неговите напрегнувања и тие распрснуваат повремена радост, веселост над строгите веѓи на моралната слобода. Секој политичар мора да им се жртвува на чарите и да ја здружи попустливоста со разумот. Но во еден ваков потфат каков што видовме во Франција, сите овие помошни чувства и лукавства не се од голема помош. Не е потребна голема мудрост за да се состави една влада. Определи го седиштето на власта, учи се на понизност и работата е готова. Да се даде слобода е уште полесно. Не е неопходно да раководиш, само е потребно да се пушти уздата. Но да се оформи една *слободна влада*, тоа значи да се урамнотежат сите спротивни елементи на слободата и да се ограничат во една доследна работа, а тоа бара многу идеи, длабоко размислување и мудар, силен и обединувачки ум. Сето ова не можам да го најдам

кај оние кој го презедоа водството во националното собрание. Можеби тие и не се толку бедни и полни со недостатоци како што изгледаат. Јас верувам во тоа. Тоа би ги ставило под секое ниво на човечкото разбирање. Но кога водачите одбираат да се нудат на лицитицијата на популарноста, нивните способности за изградба на државата нема да бидат од никаква корист. Тие ќе станат ласкавци наместо законодавци и ќе станат инструменти, а не водачи на народот. Ако се случи некој од нив да предложи план за слободата, трезвено ограничен и определен со соодветни квалификации, тој ќе биде веднаш надитрен од другите натпреварувачи кои ќе произведат нешто посјајно и попопуларно. Ќе се кренат сомненија во врска со неговата верност кон каузата. Умереноста ќе биде стигматизирана како особина на плашливците а компромисот ќе биде прогласен за одлика на предавниците, сè додека, во надеж дека ќе ја сочува довербата која би му овозможила да модерира и да ја ублажува работата во некои прилики, народниот водач ќе биде принуден да се активира во пропагирањето доктрини и во воспоставувањето моќ, што понатаму ќе ја порази секоја трезвена цел кон која тој можеби целел на почетокот.

Но дали сум јас толку неразумен што не гледам воопшто ништо што би заслужило пофалба во неуморните настојувања на ова национално собрание? Не можам да негирам дека меѓу неброените чинови на насилство и будалштини не е, можеби, направено и некое добро дело. Оние кои уништуваат сè, секако ќе отстранат и понекоја поплака. Оние што

прават сè одново ја имаат шансата да постигнат и некоја придобивка. Ако им оддадеме признание за она што го направија врз основа на власта којашто ја узурпираа или што може да ги оправда злосторствата со кои беше стекната таа власт, ќе мора да изгледа дека истите тие нешта немало да бидат постигнати без да се изведе една таква револуција. Сигурно ќе можеле да се постигнат, затоа што речиси секој од прописите што ги направија, а кој не е двосмислен, беше или преземен од кралот, доброволно направен на состанокот на сталежите или во рамките на заедничките инструкции на сталежите. Некои прописи беа сосема основано укинати, но тие беа такви што, ако останеа такви за цела една вечност, тие ќе одземеа сосема малку од благосостојбата и просперитетот на која било држава. Оттука, подобрувањата на претставниците на народното собрание се површни, а нивните грешки се фундаментални.

Кои и да се тие, повеќе би сакал моите сонародници да им го препорачаат на нашите соседи примерот на британскиот Устав, отколку да преземаат модели од нив за да се подобри нашиот сопствен Устав. Во нашиот устав тие имаат непроценливо богатство. Мислам дека тие не се сосема без причини за стравување и за поплаки, но тоа се однесува само на нивното однесување. Мислам дека нашата среќна ситуација му ја должиме на уставот, но на уставот како на целост, а не само на некој негов поединечен дел; му ја должиме во голема мерка на она што сме го задржале како трајно во неколкуте

наши ревизии и поправки, како и на она што го променивме и надоградивме. Нашите луѓе ќе најдат доволно вработување за оној дух кој е за навистина патриотски, слободен и независен, чувајќи го на она што го поседуваат од насилство. Јас не би ја исклучил ни промената, но дури и таму каде што би менувал, би го правел тоа за да сочувам. Она што ме води кон пронаоѓањето на лекот е големата неправда. Во она што го правам, сакам да го следам примерот на нашите предци. Јас би ја направил поправката што е можно поблиску до стилот на старата градба. Мудрата претпазливост, внимателната обѕирност и моралната, а не карактерната плашливост спаѓаат помеѓу водечките принципи на нашите прататковци во нивното најодлучно однесување. Непросветлени со онаа светлина, за која господата од Франција ни велат дека ја имаат во изобилство, тие, всушност, работеа под силниот впечаток на незнаењето и слабоста на човештвото. Оној што ги направи нив толку подложни на грешки, ги награди на тој начин што направи, во своето однесување тие да и служат на својата природа. Ние треба да се угледаме на нивната претпазливост ако сакаме да го заслужиме нивното богатство и да го задржиме нивното завештание. Ако тоа ни чини задоволство, можеме и да додаваме, но дајте да го сочуваме она што тие ни го оставиле и, стоејќи на цврстата основа на Британскиот устав, да бидеме задоволни со тоа што ќе се воодоошевуваме, подобро отколку да се обидеме да ги следиме аеронаутите на Франција во нивните очајнички летови.

Ви ги соопштив отворено моите чувства. Не ми се верува дека тоа ќе ги промени вашите чувства. Не знам ни дали би требало. Вие сте млади, вие не можете да водите, но морате да ја следите судбината на вашата земја. Но отсега па натаму, она што ви го кажав може да ви биде од некоја полза, во некоја идна форма на вашата заедница. Таа тешко може да остане во оваа денешна форма, но, пред да се средат состојбите, таа може да помине, како што вели еден наш поет, „низ големи разнообразности на неиспробаното битие" и, во сите тие преселби, да биде прочистена со оган и со крв.

Немам многу нешта со кои би ви ги препорачал моите мислења, освен долготрајното набљудување и големата непристрасност. Моите ставови припаѓаат на човек кој никогаш не бил алатка во рацете на власта, човек кој не и ласка на величината и кој не сака неговите последни дела да и противречат на смислата на неговиот живот. Тие ставови доаѓаат од човек кој целото свое јавно залагање го вложил во борбата за слободата на другите; човек во чија душа ништо не запалило толку траен или силен гнев како што тоа го направила тиранијата; човек кој од времето што добрите луѓе го трошат на потфати усмерени кон дискредитирање на големото угнетување, зграбил многу часови за да ги посвети на вашите работи; човек кој, правејќи го сето тоа, се убедил себеси дека не се оддалечил од својата вообичаена должност. Тие ставови доаѓаат од човек кој воопшто не посакува почести, одликувања или приходи; човек кој не чувствува презир кон славата и

нема страв од клеветите, кој ја избегнува караницата, но ќе го изложи своето мислење. Тие потекнуваат од човекот кој сака да ја сочува доследноста менувајќи ги своите средства за да го осигури единството на својата цел и, кога бродот на којшто плови ќе биде ставен во опасност зашто се оптоварува едната негова страна, посакува да ја преземе малата тежина на своите причини на другата страна, за да може да ја осигури неговата рамнотежа.